FRIEDRICH EBERT STIFTUNG
&
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ

НАУЧЕН СОБИР
Македонски Брод, 10 април 1998 г.

# РАЗВОЈНИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ И МАЛИТЕ БИЗНИСИ ВО МАКЕДОНСКИ БРОД

- РЕФЕРАТИ И ДИСКУСИИ -

Ebert-Stiftung Bonn Bibliothek
A 99 - 05076

Фондација "Фридрих Еберт"
Канцеларија Скопје
Скопје, јануари 1999 год.

**Издавач:**
Фондација "ФРИДРИХ ЕБЕРТ"
Канцеларија Скопје

**За издавачот:**
Милинка Трајковска

**Стручна редакција:**
д-р Благоја Наневски
д-р Весна Стојанова

**Лектор:**
Вилма Трајковска

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека " Св. Климент Охридски", Скопје

338.2 (497.17) (063)
338.46 (497.17) (063)

РАЗВОЈНИТЕ перспективи и малите бизниси во Македонски Брод : реферати и дискусии / Научен собир, Скопје, 10 април 1998 г. ; [стручна редакција Благоја Наневски, Весна Стојанова]. - Скопје : Фондација "Фридрих Еберт" Канцеларија Скопје, 1999. - 153 стр. ; табели ; 20 см

"... научниот собир "Развојните перспективи, малите бизниси и вработувањето во општина Македонски Брод"" - > предговор. - фусноти кон текстот. Библиографија кон одделни трудови. - Summary

ISBN 9989-9988-3-3

1. Наневски, Благоја 2. Стојанова, Весна
а) Економски развој - Македонски Брод - Собири б) Мало стопанство - Македонски Брод - Собири

# СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР** ........ 7

**I. РЕФЕРАТИ**

1. **д-р Наталија Николовска**
   РЕГИОНАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ........ 11
2. **д-р Весна Стојанова**
   РЕГИОНАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ЛОКАЛНА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ОПШТИНИТЕ ВО Р МАКЕДОНИЈА ........ 20
3. **д-р Антонија Јосифовска**
   КОМПАРАТИВНИ РАЗВОЈНИ ПРЕДНОСТИ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ........ 37
4. **д-р Благоја Наневски**
   ИНВЕСТИЦИИ И ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ОПШТИНАТА ........ 52
5. **д-р Дејан Пендев**
   ПРЕТПОСТАВКИ ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИОТ БИЗНИС ........ 64

**II. ДИСКУСИИ**

1. **Дипл. ек. Пецо Стојкоски**
   РАЗВОЈНИТЕ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ........ 83

2. **м-р Борис Блажевски**
ПОГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ НА СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО РАЗВОЈОТ ....................87

3. **м-р Љерка Тот - Наумова**
ОД ИДЕЈА ДО ИНВЕСТИЦИСКА ОДЛУКА .................. 93

4. **д-р Агис Шајноски**
ПРЕЧКИ НА ПАТОТ ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ........... .... ..................... 97

5. **д-р Божидар Герамитчиоски**
**Мирослав Гвероски**
ОРГИНАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИСКИ ИДЕИ - ПОГОДНОСТ ЗА МАЛИТЕ БИЗНИСИ И САМОВРАБОТУВАЊЕТО .......................................... 100

6. **д-р Шабан Превала**
ПАЗВОЈНИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ, МАЛИТЕ БИЗНИСИ И ВРАБОТУВАЊЕТО ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ ВРОД ......................... 105

7. **Љубиша Николовски**
УЛОГА НА НЕПА ВО РАЗВОЈОТ НА МАЛИТЕ БИЗНИСИ ................................................ 107

8. **Дипл. ек. Столе Лозаноски**
СОСТОЈБИ И МОЖНИ ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА СТОПАНСТВОТО ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ................................ 115

9. **Рате Савев**
ЕКОЛОГИЈАТА И РАЗВОЈОТ НА МАКЕДОНСКИ БРОД ............................................ 120

10. **Проф. д-р Никола Ацковски**
РАЗВОЈОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД - Состојба и перспектива - ......................................... 124

11. **м-р Марија Зарезанкова - Потевска**
НЕКОИ АСПЕКТИ НА БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈОТ НА МАЛОТО СТОПАНСТВО .................... 131

12. **Билјана Ангелова**
ПРЕДИЗВИЦИТЕ ЗА ПОСЕДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ............. 136

13. **Марија Ацковска**
МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ................................ 142

13. **Предраг Васојевиќ**
ПООДДЕЛНИОТ РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ КАКО УСЛОВ ЗА РАЗВОЈ НА ЦЕЛОКУПНОТО МАКЕДОНСКО СТОПАНСТВО ................................... 145

**SUMMARY** ........................................................................................... 149

# ПРЕДГОВОР

Процесот на транзиција наметна повеќекратни промени во општествениот и економскиот живот во Република Македонија. Општо е прифатено уверувањето дека овој процес ќе биде долготраен и сложен и ќе се манифестира во повеќе области. Од посебно значење и интерес се промените во областа на економијата, каде што системската и сопстевеничката трансформација, воспоставувањето на пазарна економија и новото окружување, налагаат менување на развојната и економската политика и нивно прилагодување кон новонастанатите услови.

Развојот на малото стопанство има важна улога во реструктуирањето на македонското стопанство и за развивање на приватната иницијатива. Малото стопанство и семејниот бизнис се една од претпоставките за забрзување и на стопанскиот растеж. Тоа придонесува за зголемување на вработеноста која е еден од основните проблеми на нашето стопанство. Малото стопанство придонесува и за развивање на претприемништвото и на конкуренцијата, што е претпоставка за разбивање на монополите. Во периодот по 1991 година во Република Македонија се формирани околу 90000 нови претпријатија. Иако речиси половината од нив практично не стопанисуваат и обично, како вработени се јавуваат нивните основачи (евентуално и членови од потесното семејство), сепак, нивниот импозантен број е израз на новиот претприемнички дух кој сé повеќе се манифестира во нашата држава. Ваквите трендови се присутни и во општина Македонски Брод, каде што имаат и посебна димензија во однос на местото и улогата на приватната иницијатива, која треба да се јави како агенс во обезбедувањето и поттикнувањето на развојот.

Објавувањето на овој зборник е дело на соработката на Економскиот институт - Скопје и на Фондацијата Фридрих Еберт - Канцеларија во Скопје. Во зборникот се презентирани рефератите и дискусиите од научниот собир "Развојните перспективи, малите бизниси и вработувањето во општина Македонски Брод", одржан на 10 март 1998 година во Македонски Брод.

На научниот собир е извршена презентација на "Студијата за регионална структура на стопанството и можност за развој на мали бизниси и отворање нови работни места во Македонски Брод". Студијата е финансирана од Светската банка и од Владата на Република Македонија во рамките на Проектот за социјални реформи и техничка помош, кој го спроведува Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал - Група за повторно вработување.

Зборникот го издаваат Фондацијата Фридрих Еберт - Канцеларија Скопје и Економскиот институт - Скопје, со финансиска поддршка од Министерството за наука на Република Македонија.

Фондација Фридрих Еберт
Директор
Михаел Вајхерт

Економски институт - Скопје
Директор
Александар Петроски



# Р Е Ф Е Р А Т И

д-р ***Наталија Николовска***,
*Економски факултет - Скопје*

# РЕГИОНАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Емпириски утврдената законитост во современиот регионален развој е факт дека дисперзијата на просторниот развој е во висок степен зависна од макроекономскиот амбиент; или со други зборови, доколку имаме негативни, или ниски стапки на растежот се врши поларизација на развојот додека просторната дисперзија на развојот зависи од реализацијата на високи позитивни стапки на растежот.

Република Македонија, од 1992 година до денес, го спроведува моделот на економската политика во чиј фокус е стабилноста на цените и курсот, а изостанува реформа чиј фундаментален постулат би бил создавање на претпоставки за растеж и развој. Тоа најсинтетички се рефлектира во негативната стапка на растежот која во периодот од 1992-1996 изнесува просечно -5%. Во 1997 година се случува заживување на растежот кој е сé уште во скромни димензии, околу 1%, притоа, реалната стапка која го рефлектира порастот на општествениот производ по жител е сé уште во зоната на негативните големини.

Значајни промени во однос на заживувањето на растежот не може да се очекуваат ниту во наредниот период поради ниското ниво на учество на инвести-

циите во ОП во изминатиот период и сегашноста (просечно 10%) и нивната неповолна структура (просечно 70% од инвестициските вложувања беа насочени кон инфраструктурата и енергетските објекти).

Краткорочното заживување на користењето на постојните капацитети како услов за активирање на производството бара радикални промени во моделот на развојот, пред сѐ, во цените на економските ресурси (капиталот и девизите). Таквите промени, пак, сѐ уште не се навестуваат.

Акумулацијата и инвестициите и натаму ќе претставуваат најдефицитарен фактор на развојот во услови на рестриктивна монетарно-кредитна политика, која е во функција на одржувањето на стабилната вредност на девизниот курс. Дубиозата на девизниот курс и натаму ќе се рефлектира во трошковната структура на цените, намалувајќи ја конкурентноста на домашниот производ на домашните и странските пазари.

Во рамките на таквата состојба и понатаму ќе се зголемуваат тензиите во редистрибуцијата на доходот, а општините сѐ повеќе ќе бидат во позиција на маргинализирање на нивното учество во буџетскиот денар.

Ваквата состојба може да се констатира од учеството на буџетските трансфери меѓу општините кои и по конституирањето на новата територијално-политичка поделба изнесуваат 0,5% од општествениот производ.

Локалната самоуправа се алиментира, главно, од комунални такси и даноци на имот (данок на наследство, данок на имот и данок на промет на недвижноста). Во услови на ограничени средства алиментирањето на општините со ограничен фискален капацитет се врши преку меѓубуџетските трансфери.



Оваа форма треба да обезбеди нормално вршење на административните функции на општината.

Општина Македонски Брод влегува во редот на општини со фискална инсуфициентност и таа се јавува како корисник на меѓубуџетските трансфери. Така, потентноста на општината да ги врши основните функции е зависна од трансферот на средства од централниот буџет. Ова го напоменуваме со цел да се лоцира изворот на вистинските иницијативи за заживување на регионалниот развој, кои за целиот период се лоцирани надвор од доменот на локалната самоуправа, т.е. на републичко ниво.

Покрај номинално утврдената обврска со Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја, за издвојувањето на средства во висина од 1% од општествениот производ за нивно инвестициско поттикнување, одредените износи за таквата намена во буџетот, повеќе години се на ниво од 0,5% од ОП, а нивната реализација во така намалениот износ не се остварува. Концептот на политиката на регионалниот развој е прикажан во Табела 1.

Така, во текот на 1996 година само 66,7% од утврдените средства на буџетот се реализирани, што влијаеше врз утврдената динамика на реализација на инвестициите. Освен тоа, промената на методологијата на утврдувањето на неразвиеноста во правец на широк простор опфаќаат (гранични подрачја, компактни неразвиени подрачја, специфични целини) ги намали ефектите на регионалната политика, која порано се ориентираше исклучиво кон поттикнување на развојот на неразвиените општини. Во услови на мошне ограничени средства и широк просторен опфат на неразвиеноста, без утврдени приоритети и критериуми со кои би се објективизирала постапката на изборот,

***Табела 1:*** *Шематски приказ на концептот на регионалниот развој*




исходот на натпреварот за буџетскиот денар зависи во голема мера од политичкиот волунтаризам.

Опишувајќи ги состојбите во окружувањето и макроекономската политика, како и поконкретно, состојбата во доменот на посебниот сегмент - регионалната политика, сакаме да дадеме објективна информација за лимитирачките фактори за развојно реанимирање на општина Македонски Брод во новите услови.

Во контекстот на таквите ограничувања треба да се бараат алтернативите и солуциите за развој во променето окружување. Бидејќи новото окружување е такво што системот не генерира акумулација туку таа доаѓа од надвор во вид на кредити, кои се даваат за



различни развојни иницијативи во малото стопанство, неопходно е да почне процесот на изработка на регионалните програми преку кои ќе се реанимира регионалната иницијатива.

Во изработката на развојните програми неопходно е:

- да се дефинираат одреден број развојни приоритети (сектори, па дури и производи), кои ќе се реализираат етапно, на пример, во текот на едно среднорочие (5 години);
- ригидна оценка на трошоците и бенефициите од остварувањето на приоритетите;
- операционализација на приоритетите утврдени со развојната програма преку конкретни инвестициони проекти;
- можни регионални државни и странски извори за реализација на приоритетите;
- нивна кореспонденција со макроекономската политика.

Во издвојувањето на приоритетите треба да се нагласат следниве позначајни критериуми:

- согледување на пласманското подрачје, посебно можностите за реализирање на извоз и супституција на увозот;
- постоење на големи вишоци на неангажирана работна сила во активниот работоспособен контингент;
- постојна клима за претприемничка иницијативност преку понагласено присуство на мали фирми во одделни сегменти, како и преку отвореност кон нови иницијативи.

Афирмацијата на локалната самоуправа како регионален субјект на развојот бара:

- да се подобри менаџерскиот капацитет на локалната власт;
- да се зголеми нивото на менаџерското знаење;
- активно да се поддржи економската трансформација во правец на комерцијален аутпут;
- да се изработат научни програми, но и стручна експертиза, инвестициони елаборати заради научно-стручно фундирање на иницијативност пред финансиските институции;
- да се користи програмата за малите бизниси преку инкубатори како економична иновациска форма за заживување на иницијативата.

Така, во општината се создава основа конкуренцијата да се пренесе на развојните програми што влијае врз мобилизацијата на иницијативата, ресурсите, поврзување со окружувањето (во земјата и надвор од неа) преку комерцијален аутпут, но и преку разни форми на користење know how во реализацијата на програмите.

Инвестиционите проекти се последната карика која треба да создаде рамка за деловна клима која ќе биде експлоатирана од сите заинтересирани бизнисмени, т.е. тие со својата информативност треба да ја мобилизираат личната иницијатива. Нивната солидна научно-стручна фундираност треба да биде основа на формирање на финансиската конструкција (добивање кредити за малиот бизнис), како услов за реализација на проектот.

Како што може да се забележи, всушност, транзицијата се случува и во контекст на позицијата на општините во системот на регионалните економски



односи. Во рамките на антиципираната тенденција Агенцијата да ја губи улогата на стимулатор на регионалните иницијативи, т.е. со оглед на фактот дека државата ја губи потентноста да партиципира во реализацијата на многу приоритетни развојни цели, регионалната иницијатива сѐ повеќе треба да се претвора од пасивен во активен фактор на развојот.

Така, од менаџерскиот капацитет на локалната самоуправа ќе зависи и степенот на ревитализација на општината. Често, сознанието дека развојот зависи од нас може да делува далеку повеќе мобилизаторски во однос на состојбата на чекање, развојот да ни се случи преку иницијативата на другите. Самото сознание е прв мобилизаторски чекор кој треба понатаму да биде заокружен преку разни оперативни форми на дејствување, кои што се пред сѐ, во истражувањето на можностите на малите бизниси и иницијативи.

Всушност, самиот факт дека општината била три децении под капата на активна регионална политика која не се ефектуира преку соодветни развојни резултати, т.е. таа видно не ја подобрила својата позиција во регионалниот систем на населени места, зборува дека треба да се бараат нови патишта за ревитализација на регионалниот развој.

Токму затоа, економскиот развој на општината мора да тргне од комбинирањето на државните и локалните инструменти со една целна насоченост, дека појдовно мото треба да биде потпирање врз сопствените сили (види Табела 2). Во услови на ограничен фискален капацитет на општината таа може да придонесе во поттикнувањето на претприемачкиот дух и иницијатива преку различни форми на дејствување во сферата на обезбедување на индиректни субвенции (поттикнување на програми за работна обука; поттикнување на информативни активности за мали бизниси; организирање на економска

***Табела 2.*** *Класификација на државни и локални инструменти*

| Бизнис функции | Обезбедување на директни субвенции | Обезбедување на индиректни субвенции | Информирање и советување | Влијание на круцијални институции |
|---|---|---|---|---|
| **Финансирање** | Финансиски стимулации | | Информации за финансиски услуги | Агенциско посредување во банкарски гаранции |
| **Персонал** | Субвенции за трошок на работна сила | Работна обука | Услуги и информирање за работно законодавство | Влијание на едукативни институции |
| **Земјиште и објекти** | Доделување на бесплатни локации на општинско земјиште според просторниот план | Инфраструктурно уредување на локални комуналии, обезбедување објекти за инкубатор | Инвентаризација на просторот | Развој на комуникациски мрежи |
| **Технологија и менаџерство** | Обезбедување и подредување на идеите и поддршка на истражувањето и развојот | Економска статистика и економски мониторинг | Можности за малиот бизнис | Развој на кооперативни локални маркетиншки претставници |
| **Набавки и маркетинг** | Дискрециони комунални услуги | Стратегија на дампинг набавка и извозен маркетинг | | |
| **Мотивација** | Добра волја | | Стимулации | Ориентација кон глобален прогрес на општината |
| **Односи работници - менаџери - работодавци** | Да се забрза и поедностави административната постапка за отпочнување нови бизниси | Комитети на работници - менаџери | Публицитет околу можноста за приватизација | Институции за развој на посилна благосостојба |



статистика и економски мониторинг; комитети за заедници, работници-менаџери), преку организирање на консултативен орган за информирање и советување кој ќе дава широк спектар на услуги, како и поттикнување на развојот на круцијалните активности и институции што можат да бидат промотори на развојот.

Сите овие активности всушност, се повеќе поврзани со употреба на знаењето како делотворна сила и носечка компонента на менаџментот, а како своја мотивациска основа треба да ја имаат позицијата на добра волја и глобалната ориентација кон прогресот на општината.

Денеска можноста да се излезе од маѓепсниот круг на сиромаштијата е, пред сѐ, во духот на претприемништвото и иницијативноста и способноста на тој дух да се реанимира. Лидерската функција на челните луѓе во општината е од примарно значење. Тие со својата отвореност кон нови иницијативи, стимулирање на кооперативниот дух во општината, како и непосредна инвентивност во креирањето на институции кои ќе ги мобилизираат ресурсите во општината можат да направат многу нови перспективи. Во случајот се работи за нематеријални фактори што можат да одиграат улога на "big push" во формирањето на иницијалната акумулација за саморазвој.

Всушност, од некаде мора да се почне, т.е. да се продолжат сознанијата дека заедницата во контекст на постојниот тренд на економски развој сѐ поголемата маргинализација на функцијата на Агенцијата, го претвора економскиот простор на Македонија во жестоко поле на борба за развој. Во таквите состојби неопходно е секој да ја преземе одговорноста за својот развој. Всушност, во таквата битка ќе победат само тие што порано ќе станат свесни за новонастанатите состојби.

* * *

*д-р **Весна Стојанова**,*
*Економски институт-Скопје*

# РЕГИОНАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ЛОКАЛНА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ОПШТИНИТЕ ВО Р МАКЕДОНИЈА

## 1. Вовед

Поддршката на развојот на малите и средните претпријатија несомнено мора да биде институционализирана, континуирана и под постојани, однапред познати услови, кои претприемачите може да ги очекуваат. Ваквата поддршка е мултидимензионална и се однесува на:

- Обезбедување финансиска помош (или во вид на готовина за започнување на сопствен бизнис, или во вид на разни даночни олеснувања и периоди на ослободувања од отплата на добиените кредитни средства, давање гаранции на кредиторите за претприемачите на територијата на општината);
- Обезбедување стручна поддршка на развојот - консултантска помош за разни правни и економски аспекти во врска со основањето и водењето на бизнисот, како и експертска помош за решавање на деловните проблеми во работењето;



- Изготвување публикации за стопанството на општината (local community study), со адресар и приказ (short form report) за постојните претпријатија на македонски и англиски јазик;
- Поврзување и настап на странски пазари - создавање на сопствени бази на податоци, обезбедување пристап до странски бази на податоци (преку ИНТЕРНЕТ и други достапни извори на информации), истражување на странските пазари, привлекување на странски капитал итн.;
- Поврзување со домашните големи претпријатија за заеднички настап на домашниот и странските пазари;
- Обезбедување перманентно образование - за иновирање на знаењата на претприемачите за новите текови во теоријата и практиката на менаџментот и бизнисот.

## 2. Владини и невладини, домашни и странски институции кои обезбедуваат финансиска, консултантска, кадровска и информативна поддршка за развој на општините во Република Македонија

Веќе неколку години во Република Македонија дејствуваат повеќе разновидни институции кои го помагаат развојот на општините во Земјата.

## 3. Агенција на Република Македонија, НЕПА и Фонд за финансиска поддршка на малите и средните претпријатија

Ваквата институционализирана поддршка може да се реализира на локално и/или републичко ниво, но

во секој случај, претставува неопходна подлога за обезбедување на потребните предуслови за успешност на малиот бизнис. Во овој контекст на институционални претпоставки, секако, спаѓа и иницијативата на Агенција на Република Македонија за поттикнување на развојот во недоволно развиените подрачја. Имено, главен носител за развој на малите и средните претпријатија во Македонија во наредните години секако ќе биде новоформираната агенција НЕПА и Фондот чие име е: *"Финансиска поддршка на развојот на малите и средните претпријатија"*. Фондот ќе биде под контрола на НЕПА, а ќе биде администриран како "Револвинг кредит" (средствата од враќање на кредитите ќе се користат повторно за давање на нови кредити). ФАРЕ ќе учествува во формирање на Фондот со вкупно 5,1 милиони ECU. Средствата од ФАРЕ ќе се префрлат на Фондот во три рати и се сопственост на Владата на Р Македонија, а се депонирани во Народната банка на Република Македонија. Кредитната линија ќе биде операционализирана преку банкарскиот систем. Во прво време, како погодни банки, преку кои можат да се трансферираат кредитите ќе послужат банките одобрени за спроведување на кредитните линии на EBRD и Светската банка.

Критериумите за избор на погодни клиенти сѐ уште не се искристализирани, но се смета дека ќе бидат следниве:

- Нови, или млади фирми; и
- Фирми во зачеток.

Се смета дека следниве области ќе имаат приоритет:

- фирми од областа на земјоделското производство:
- компјутери, телекомуникации и електроника;



- пакување;
- лесна индустрија;
- туризам;
- занаетчиски работилници; и
- услуги на занаетчиите.

Сѐ уште не е утврдена каматната стапка, но се претпоставува дека ќе биде слична со каматите кои се наплатуваат од EBRD и Светската Банка. Најдолг период на кредитирање ќе биде пет години. Максимален грејс период пред исплатата на првата рата ќе биде шест месеци. Максимален износ на кредитот е 20.000 ECU. Сопствено учество е минимум 20%, а 10% од вкупната вредност на кредитот може да се одобри на име обртен капитал.[1)]

## 4. Регионална стопанска комора

Стопанската комора на Република Македонија се реорганизира, а на републичко ниво се организирани регионални стопански комори. Имено, во текот на 1997 година се формирани 15 регионални комори со седиште во поголемите центри и со дефиниран нов делокруг на работа. Притоа, предмет на активноста на регионалните комори треба да бидат, пред сѐ, долгорочните активности на стопанството и нивната асоцијација, а особено, на пример, економските односи со странските пазари, нивните регионални асоцијации, стандардизацијата на квалитетот според меѓународните стандарди, следењето на системските прашања во функција на создавање на поблагопријатни услови за стопанисување, како и предлагање решенија за евентуалните проблеми, поврзување со слични регионални комори од други земји, да посредуваат во

[1)] Податоците се неофицијални

конкретното поврзување меѓу стопанските субјекти, како на регионално така и на меѓународно ниво.

Според определбите на Стопанската комора на Република Македонија при иницирањето на ваквата реорганизација, регионалната комора треба да добие посебно место и да одигра особено значајна улога во доменот на информациското поврзување на стопанските субјекти од регионот и од меѓународната деловна заедница. Централизацијата и специјализацијата на регионалниот центар кој воедно ќе биде и доволно специфициран на локално и регионално ниво, ќе го поевтини и олесни самофинансирањето на ваквите активности од заеднички интерес, така што ќе овозможи решавање на конкретните проблеми и задоволување на конкретните потреби на стопанските субјекти во регионот.

## 5. Одделение за развој на ниво на општина

На локално, општинско ниво би било неопходно да се формира одделение за развој на малото стопанство во секоја општина. Искуствата од развиените земји покажуваат дека многу од технолошки динамичните, извозно ориентирани сектори кои доминираат на светскиот пазар, се организирани на регионално ниво. Таков е, на пример, случајот со високо-технолошките зони во САД (Силиконската долина), силната концентрација на механичко инженерство во јужна Германија, светски познатите индустриски региони во Италија, или пак концентрацијата на висока технологија и високата мода во регионот на Париз.

Евидентно е дека процесите на меѓународна регионализација се рефлектираат и врз локалното организирање на производствените системи во заокружени, вертикално интегрирани целини. Во оваа смисла, како што покажуваат и истражувањата (Storper, 1992),



регионалното поврзување, соработка, координација, па дури и институционализација, се битен фактор на успешноста, бидејќи ги поддржуваат и поттикнуваат технолошки динамичните и извозно-ориентирани производствени мрежи, кон експанзија и ефикасност. Затоа, ваквите позитивни искуства може да претставуваат инспиративен извор на идеи и можни солуции за обезбедување на развојот на неразвиените подрачја, односно во случајов за развој на општините.

Имајќи ја предвид економската состојба во општините, како новоформирани единици на локалната самоуправа, од аспект на постојните, често неискористени потенцијали, се чини дека потребата од локално, вертикално самоорганизирање, во функција на обезбедување на ефикасен стопански растеж, станува неопходност. Интегралниот регионален пристап ќе овозможи рационално искористување на постојните производни ресурси, оптимализација на капацитетите, апсорбирање на расположливата работна сила, снижување на трошоците на работењето и комплементарно заокружување во единствен стопански систем, на ниво на општината.

Реализацијата на ваква развојна концепција ќе се обезбеди преку обезбедување на институционална и стручна поддршка на развојот на стопанството, преку организирање на повеќенаменски услужен сервис (кој во иницијалната фаза ќе ги има сите атрибути на инкубатор). Имено, ваквата поддршка на ниво на општината, ќе се реализира првенствено преку подредување на локалната регулатива во функција на стимулирање на развојот на бизнисот и организирање централизирана реализација на низа инфраструктурни активности, за потребите на стопанските субјекти (првенствено малите бизниси) во општината:

- Консултантско биро за правно-економски аспекти за основање и водење сопствен

бизнис. Ваквата стручна помош би ја обезбедувале постојните стручни кадри во општината (економисти и правници).

- Комерцијален сервис за набавка на суровини и репроматеријали и пласман на производството. Овој вид на услуги би можело да ги остваруваат поспособните комерцијалисти во општината или пак, преку обезбедување на специјализирани консултанти од VOCA[2] -волонтерска организација на пензионирани бизнисмени од Велика Британија (додека да се оспособат и развијат сопствени кадри), како и од Peace Corps во Македонија, кои може да обезбедат бизнис консултанти волонтери од САД.
- Информациски центар за поврзување со меѓународниот пазар за пласман и инвестиции. Ако не се располага со сопствен кадар треба да се обезбеди обука, или и во овој случај да се побара консултант (од VOCA, или од Peace Corps). Притоа, овој центар ќе треба да се поврзе и да ја координира својата работа со регионалната стопанска комора.
- Дизајнерско/иноваторски инкубатор заради истражување и унапредување на постојниот асортиман на локални производи. Овде би требало да се ангажираат постојни, или нови потенцијални иноватори. Пожелно би

[2] Волонтерските организации како што се VOCA и Peace Corps, ги покриваат сите трошоци за обезбедување на свои волонтери (патни, обука и плати на волонтерите), додека барателот на ваквите услуги е должен да обезбеди сместување за нив, додека пак Македонскиот деловен центар и Американскиот информативен сервис (USAID), своите услуги ги обезбедуваат бесплатно во вид на стипендија за определена намена.



било да се организира обука на сопствените кадри (преку посета и практика во слични центри во странство, или да се донесе таков профил на стручњак во општината кој ќе обучи домашни лица);

- Едукативен центар за перманентно образование на младите (од програмата за економско образование на млади "Junior Achievement") и малите бизнисмени (според потребите, во доменот на: финансиите, маркетингот, менаџментот, информатичкото работење, производството, деловниот англиски јазик итн.) Во почетокот, развојот на ваквиот центар би се одвивал со помош на Македонскиот деловен центар, VOCA, Peace Corps и Американскиот информативен центар, а подоцна истиот би продолжил со самостојна работа;
- Транспортен центар заради целосно искористување на постојниот возен парк во општината, а за потребите на стопанските субјекти (преку планирање и дневно организирање на транспортот). За оваа цел, би се направила евиденција и план за искористување на транспортните средства во целата општина и сите стопански субјекти, за да се избегнат празните одења, или нерентабилното користење на возниот парк;
- Сервис за поправки и одржување на опремата, машините, транспортните средства. Би се формирале т.н. летачки екипи, мајстори кои би интервенирале на барање на стопанските субјекти (големи и мали) на територијата на општината;
- Економски совет на општината, под претседателство на нејзиниот претседател, ќе се

состои од 10-тина членови и тоа: претставници (стручни лица и почитувани граѓани) од поширокага заедница на општината, домашни и/или странски реномирани консултанти. Овој совет ќе го развива и иновира развојниот стопански план на општината, ќе ја обезбедува комплементарноста на стопанските активности и ќе го насочува развојот и селекцијата на кадри. Економскиот совет на општината ќе биде задолжен за реализација на програмата за развој на стопанството и на малите бизниси во општината.

Цената на услугите од ваков тип, што ќе ги обезбедува општината, во почетокот треба да биде субвенционирана, а по заживувањето на стопанството, цената да се зголеми, како процентен удел во остварената добивка. На тој начин, ќе се обезбеди двострано (и на давателот и на корисникот на услугата) мотивирање за ефикасно работење. Зависно од успешноста на остварениот растеж на стопанството во општината ваквите услужни дејности ќе може да прераснат во самостојни центри од сервисниот сектор.

Ваквата организација на стопанството на локално ниво треба да обезбеди низа погодности во однос на поделбата на трудот меѓу локалните производители на дадената територија, минимизирање на времето и трошоците од стопанисувањето, со едновремено подобрување на квалитетот и на услугите (што ги добиваат стопанските субјекти) и на производите/услугите (што ги произведуваат тие).

Ваквата организација ќе резултира и со порамномерна разместеност на регионално ниво и деловна поврзаност на многу мали фирми чија просечна големина ќе се движи околу десетина или помалку



работници, зависно од индустријата или локалитетот, истовремено обезбедувајќи и најразлична секторска специјализација. Овој амбиент, пак, ќе овозможи фирмите да партиципираат во локалната и вертикалната поделба на трудот, или да се надополнуваат во случај кога произведуваат ист производ. Посебна специфика на ваквата регионална организација е што локалниот производен систем е богато проширен со комерцијални посредници, кои ги организираат производните активности и ги продаваат локалните производи како крајни производи, со локална, но препознатлива марка.

Притоа, вака организираниот регион не треба да се гледа како збир од мали претпријатија, туку многу повеќе тие мали бизниси да се сфатат како мултипроизводни организации со цврсто уредена интерна институционална поставеност на системот на локално-регионално ниво. Интегралниот стопански систем на регионот го сочинуваат разни економски компоненти: пазарот, малите претпријатија и поделбата на трудот меѓу нив, иновациите и економската ефикасност, кои се економски резултати од партиципацијата во системот, преку тесна меѓусебна и, пред сé, неформална поврзаност на сите субјекти во регионот (приватни претприемачи, семејни бизниси, локални и државни структури).

Во случајот на современите, пропулзивни индустрии, речиси секогаш постојат специјални посредници (комерцијалисти), кои се грижат за купување на производите од производните фирми, посредувајќи меѓу производниот систем и пазарот. Алтернативно тука се и дизајнерите кои имаат познати марки, или способности и кои се афирмирани на домашниот, или меѓународниот пазар.

Со извесност може да се претпостави дека, многу често, малите бизниси ќе вработуваат помалку од десет работници и ќе се од занаетчиски вид, а

мнозина од нивните основачи може да бидат лица останати без работа (заради стечајните постапки и кризните состојби во поголемите индустриски капацитети во општината). Многу од нив се квалификувани за вршење на определени производни активности и ќе може да се обезбедат со машини од нивните претходни работодавачи, за да почнат сопствен бизнис.

Предноста на ваквиот вид на локално организирање е што економскиот интерес и реципроцитет се потпираат врз цврстите меѓучовечки врски меѓу поединците и семејствата кои се познаваат цел живот и се структурно потенцирани со ваквата регионална затвореност. Прво, постојат можности за ограничена размена и кооперација меѓу фирмите, чија типична форма на организација е поделбата на трудот и специјализацијата. Потоа, во вакви услови постои можност, кога некоја фирма има премногу работа, да може да ја подели со другите фирми, со очекување истото да се случи и кога другите ќе имаат повеќе работа. Понекогаш, во такви случаи дури фирмите ќе дозволат користење на машините од други работници од друга фирма. Воедно, ниската флуктуација на населението во и онака малите локални заедници, придонесува негативната репутација, или “добриот глас” многу брзо да се прошират низ целото подрачје што значително го ограничува негативното однесување и ја сплотува заедницата.

Со оглед на крајно лимитираните можности во рамките на новата законска регулатива за функционирање и финансирање на локалната самоуправа, обезбедувањето на какви било финансиски средства на општинско ниво за развојни цели е неможно. Токму затоа, неопходно е да се размислува за основање на некој вид на здружено штедење на граѓаните и стопанските субјекти на територијата на општината. Самофинансирањето на развојот на општината може



да биде однапред осмислено и познато на жителите во неа, врз основа на развојниот план утврден од страна на економскиот совет. Штедењето и користењето на така собраните средства за целисходно финансирање на планираниот развој, според развојните приоритети - прифатливи за населението, може да бидат богат и траен извор на средства со кои ќе се поттикнува и обезбедува развојот. Идејата се темели врз веќе познатите искуства од неразвиените земји и подрачја во светот кои успешно го примениле овој модел на самофинансирање на сопствениот развој. Доколку средствата се прибираат на локално ниво, а користењето е однапред детерминирано според прифатениот развоен план на општината, врз основа на предлог од економскиот совет, тогаш ќе се избегнат евентуалните дубиози и недоверба во однос на наменската и рационалната употреба на средствата. Воедно, со извесност може да се претпостави дека и условите за добивање и отплата на средствата ќе бидат далеку поповолни отколку во случаите кога се работи за комерцијални кредити.

Конечно, крајно време е општините во Македонија да ја земат судбината во свои раце и сите нивни жители, предводени од раководствата во рамките на локалната самоуправа, да се ангажираат во процесот на нивно стопанско заживување и растеж.

Конкретниот пример на “Упатството за организација на локалната поддршка за развој на општините” би можело да ја има следнава содржина:

Поддршката на стопанскиот развој на општините, несомнено мора да биде институционализирана, континуирана и под постојани, однапред познати услови, кои претприемачите може да ги очекуваат. Ваквата поддршка е мултидимензионална и се однесува на:

- Обезбедување финансиска помош (или во вид на готовина за започнување на сопствен бизнис, или во вид на разни даночни олеснувања и периоди на ослободувања од отплата на добиените кредитни средства, давање гаранции на кредиторите за претприемачите на територијата на општината);
- Обезбедување стручна поддршка на развојот - консултантска помош за разни правни и економски аспекти во врска со основањето и водењето на бизнисот, како и експертска помош за решавање на деловните проблеми во работењето;
- Изготвување публикации за стопанството на општината (студија за општината - local community study), со адресар и приказ (краток извештај - short form report) за постојните претпријатија на македонски и англиски јазик;
- Поврзување и настап на странски пазари - создавање на сопствени бази на податоци, обезбедување пристап до странски бази на податоци (преку ИНТЕРНЕТ и други достапни извори на информации), истражување на странските пазари, привлекување на странски капитал итн.;
- Поврзување со домашните големи претпријатија за заеднички настап на домашниот и странските пазари; и
- Обезбедување перманентно образование - за иновирање на знаењата на претприемачите за новите текови во теоријата и практиката на менаџментот и бизнисот.



Систематизираниот пристап и постапка за обезбедување на ваквите видови услуги и активности би бил следниов:

1. Градоначалникот со својот најтесен општински, стручен тим ќе подготви барање за финансирање на изработка на Развоен план на општината. Истиот ќе го достави до Агенција за трансформација на Македонија, (Агенција за приватизација на Република Македонија, група за повторно вработување г-дин Владимир Сарач, тел. 091/119-007). Имено, врз основа на ваквото барање, Агенцијата одобрува средства добиени врз основа на кредит за развој од Светска банка.
2. По 2-3 месечната изработка на студијата (од некоја научна институција, како, на пример Економски институт - Скопје, д-р Благоја Наневски, д-р Антонија Јосифовска, тел. 091/115-076; 228-511, факс: 226-350) општината ќе добие економски фундиран стратегиски план за развој, согласно со компаративните предности и економски профитабилните дејности кои во вид на мали, средни или големи претпријатија може успешно да функционираат на домашниот и/или странските пазари.
3. Реализацијата на ваквата стратегија ќе ја спроведе градоначалникот по следнава постапка (за најголем дел од активностите може да добие информации од USAID/Развојна помош за Македонија од САД, која има отворено мноштво консултантски и финансиски центри со седиште во Скопје, тел.091/117-211, 117-032, факс: 118 105):

- Формира економски совет за развој од стручни лица - (правник и економист од општината), видни граѓани, успешни бизнисмени и некој домашен и/или странски експерт/консултант. Овој совет формира комисии за имплементација и следење на реализацијата на развојната програма на општината според утврдените приоритети;
- Стручен деловен сервис на општината - правник, економист, дактилограф и други вработени, кои :
  - ◊ изготвуваат упатства и даваат конкретна стручна помош за основање сопствен бизнис;
  - ◊ прибираат информации (адреси, формулари, услови и сл.) за разните извори за финансирање, или стручна поддршка на проекти од малиот бизнис, или за разни извори на кредити за поголеми стопански инвестициони вложувања (како на пример од програмата NICCL - Национален информациски центар за комерцијално право, тел.091/222-070, 137-178 и факс: 119-013, за законската регулатива кај нас и во светот);
  - ◊ организираат изготвување на кратки (short form) и долги извештаи (long form reports) или студија за општината (local community study) за претпријатијата, можностите за инвестирање и стопански адресар на општината на македонски и англиски јазик;
- Центар за развој на индивидуално земјоделство - фармери - општината ќе обезбедува стручна/консултантска помош за производство на здрава храна, како и информации за добивање финансиски средства за започнување на мал бизнис во земјоделството.



Програмата "Farmer so farmer", ја обезбедува консултантската помош, ACDI/VOCA, г-дин Nil Mozer тел.091/220-550; 116-881; 227-172; 230-845 и факс: 117-000; "Land O'Lake" / производство на млеко, г-дин Xen Mc Chilop тел.091/367-872 и факс: 362-879; "Opportunity International" / микро кредити тел/факс: 091/130-203, 130-284; програма PHARE г-дин Mc Colly тел.091/126-212.

- Едукативен центар за перманентно образование на бизнис кадрите и на младите, со интенција за постепено градење на сопствени кадри кои ќе обезбедуваат иновирање на знаењата од доменот на економијата и правото; (Ваков вид на поддршка, бесплатно, но врз основа на определена процедура обезбедуваат: Македонски деловен центар, г-дин Klay Wayting тел. 091/131-322 и факс: 121-200; Економско образование на млади (Junior Achievement Macedonia) - ИОО Македонија, д-р Весна Стојанова тел.091/134-568 и факс: 136-514; IBTCI/сметководствени стандарди г-дин Хон Нер, тел. 091/ 373-420 и факс: 373-422; Peace Corps Macedonia, г-ѓа Зденка Николовска, тел.091/390-012.
- Формира штедно-кредитна задруга заради обезбедување средства за самофинансирање и/или сопствено финансиско учество за добивање кредитни, или други видови странски/домашни дополнителни средства, во зависност од избраниот план на приоритети на ниво на општината; (WOCCU/рурални кредити, г-дин Greg Pirie тел.091/115-244, 115-240 и факс: 115-653; SEAF / еквити фонд за акционерски капитал, тел/факс:

091/129-401; CFED/MBOC - Македонски банкарски центар, г-дин Јосиф Ефтимовски - тел.091/114-392, 136-055, 137-028, 137-052 и факс. 137-052);

- Обезбедување на разни други услуги (според потребите и можностите за рационализација на трошоците во вид на: транспортен центар, сервис за поправки и одржување, хигиенско-комунален центар и сл.).
- Услуги за изработка на инвестициони програми, подготовка на пријави за добивање финансиски, или други видови на средства од разни институции, како и посредување заради поврзување со нив, обезбедува Економскиот институт (д-р Б. Наневски, д-р А. Јосифовска, д-р Весна Стојанова, тел. 091/115-076, 228-511 факс:226-350)

* * *



д-р ***Антонија Јосифовска***,
*Економски институт-Скопје*

## КОМПАРАТИВНИ РАЗВОЈНИ ПРЕДНОСТИ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Во сегашниве услови на транзиција и ниски перформанси на целокупното македонско стопанство, поради релативно ниската стапка на развиеност, негативните реперкусии од транзицијата релативно во поголема мера доаѓаат до израз во Македонски Брод. Стопанството на општината се карактеризира со ниски и негативни стапки на развој, дезинвестирање, ниска акумулативност на стопанството, како и стечаи на некои од претпријатијата кои се носители на развојот. Ваквата состојба предизвика висока невработеност и опаѓање на куповната моќ и на животниот стандард на населението.

Општина Македонски Брод заостанува зад просекот на државата не само во однос на стопанскиот развој, туку и во однос на другите елементи врз кои се утврдува степенот на развиеноста. Во општината, на релативно пониско ниво се наоѓаат сите општествени служби, како и комуникациите. Неадекватната сообраќајна поврзаност, пак, делува и врз зголемувањето на трошоците во работењето придонесувајќи за намалување на атрактивноста на општината за вложувања во развојни програми.

Развојот на општина Македонски Брод треба да се потпира врз постојните стопански капацитети, расположливите природни богатства и работната сила. Од аспект на развојните перспективи, поттикнувањето на малите бизниси и зголемувањето на бројот на вработените, поголеми можности даваат шумарството и дрвната индустрија, индустријата на неметали, производството на храна, тутунската индустрија, рибарството и земјоделството, текстилната и чевларската индустрија.

Експлоатацијата на шумите и можностите за развој на дрвната индустрија претставуваат една од компаративните предности на општината. Учеството на шумарството во формирањето на општествениот производ во 1981 година изнесува 16.6%, а на вработените со 17.9% од вкупно вработените во општината (заедно со Самоков и Плашница). Во општината постојат квалитетни шуми за експлоатација, како и капацитети за производство на производи од дрво. Побарувачката за дрво и за производи од дрво на домашниот пазар е висока, а можностите за извоз, исто така, се поволни.

Шумарството треба да се развива со формирање на биоеколошки стабилни шуми каде што производството на дрво и општокорисните функции нема да бидат во колизија. За развој на шумарството е потребно проширување на мрежата на патишта, осовременување на опремата и зголемување на продуктивноста.

Формирањето на јавно претпријатие кое ќе се занимава со стопанисување со шумите ќе има определени реперкусии врз развојните перспективи на оваа дејност во општината. Посебно значајни се решенијата во врска со поттикнувањето на локалната иницијатива и наградувањето согласно со остварените резултати на локално ниво. Тоа се однесува и на



можностите определени активности од стопанисувањето со шумите да се остваруваат од самостојни претпријатија.

Потребно е да се осовремени механизацијата во областа на производството, сечењето и транспортот на дрво. Состојбата со опремата во однос на сечењето и транспортот на дрвата, заостанува зад барањата и условите за производство на дрво, како на ниво на Републиката, така и во рамките на општината. Посебен проблем претставува и недостигот од квалификувани дрвосечачи.

Во општина Македонски Брод со шумите стопанисува јавното претпријатие “Сандански” во кое се вработени 138 лица постојано, а 140 сезонски. Претпријатието ја снабдува локалната дрвна индустрија со основната суровина - дрвото. Во рамките на претпријатието порано се вршеше откуп на билки (боровинка, смрека, маховина, габи и др.). Оваа дејност може да се развива како посебна активност, а истото се однесува и за ловниот туризам кој може да се организира со мали адаптации на шумски објекти.

Побарувачката за дрво и производи од дрво е висока како во земјата, така и на странските пазари. Новите законски решенија во областа на шумарството и експлоатацијата на шумите, според кои истите се од јавен интерес, ја менуваат досегашната структура и организација во оваа дејност. Од квалитетот на законските решенија ќе зависи степенот на локалната иницијатива и придонесот на оваа дејност врз развојот на општината.

Развојот на дрвната индустрија, пак, ќе зависи од финансиската консолидација и организациското преструктуирање на постојните два капацитета. Меѓутоа, за развој на оваа дејност постојат мноштво програми во областа на малите бизниси кои се однесуваат на сите фази на производството и праработката на

дрво. Големата побарувачка за дрво и за производи од дрво во земјата и во странство, како и поволните финансиски ефекти се натамошна претпоставка за развој на оваа дејност.

Состојбата во дрвната индустрија во општина Македонски Брод не е задоволителна, ниту во примарното, а уште помалку во финалното производство. Менувањето на ваквата состојба претпоставува реконструкција и модернизација на постојните капацитети и изградба на нови капацитети за профитабилни производи, како и воведување на нови технологии. Во финалното производство треба да се основаат повеќе мали и средни претпријатија и да се зголеми количеството на производи за преработка. Според предвидувањата во Стратегијата за долгорочен развој на Република Македонија[3], производството на финални преработки од дрво би требало да се зголеми за три до четири пати и тоа за кујкен мебел, канцелариски и школски мебел, градежна столарија, дрвена амбалажа, куќи, бараки и делови, паркет и сл.

Споредени со инвестициите, ефектите се околу 6 пати повисоки, што покажува дека постојат реални можности за задоволителен принос на инвестираните средства и за натамошен растеж на дрвната индустрија. Покрај тоа, ваквиот развој на дрвната индустрија ќе има директно и индиректно влијание на активноста на повеќе други гранки, како што се шумарството, текстилната индустрија, хемиската, металната и автомобилската индустрија.

Во рамките, пак, на ПОС "Преработка на дрво" можни се определени активности за надминување на состојбата во која се наоѓа ова претпријатие. Првенствено треба да се преиспита производната програма и организацијата. Дел од активностите во рамките на

3) *Национална стратегија за развој на Република Македонија*, МАНУ, 1977, стр. 271 - 272



производните програми за развој на малиот бизнис би можеле да се реализираат од страна на претходно вработените 67 работници, кои имаат соодветни квалификации за извршување на ваков вид бизнис. Останатите 61 работник, кои во фазата на стечај работат во две смени и остваруваат приход како порано вкупно вработените 128 работници, би можело да ја зголемат продуктивноста преку дополнителни инвестиции со перспективна можност за повторно зголемување на бројот на вработените. Вкупните инвестиции во овој капацитет би изнесувале околу 160.000 DM, би се обезбедило вработување на 161 работник, а 70% од производството би се извезувало.

Капацитетот за производство на мебел - столови за училиштата, разни видови мебел по нарачка и слично, во рамките на претпријатието "Столичара" во голема мера е неискористен, производната програма е застарена, а кадровската екипираност е нецелосна. Имајќи ги предвид предходните укажувања, неопходна е ревитализацијата на "Столичара". Потребните вложувања за модернизација на техничко-технолошкиот парк, а заради поефикасно стопанисување во рамките на сегашната производна програма, со ангажирање на 57 работници, изнесуваат околу 200.000 DM.

Не треба да се занемари фактот дека доколку се реализираат и други инвестиции во сферата на малите претпријатија од околу 400.000 DM, во кои би се ангажирале 39-60 работници, ефектите од ревитализирањето на комплексот на дрвната индустрија ќе бидат далеку поголеми и синергиски ќе се реперкуираат врз обемот на активности на целокупното стопанство на општина Македонски Брод.

Имајќи ја предвид постојната состојба на претпријатието, а особено од аспект на расположливоста на креативни и претприемнички кадри во оваа дејност, во иницијалната фаза на неговото ревитализирање,

најцелисходно ќе биде производното поврзување со странски реномирани производители на мебел. Во оваа фаза би можело да се размислува за лонпроизводство, со интенција истото да прерасне во заедничко вложување, или други облици на странски директни инвестиции. Ваквата соработка ќе резултира со создавање на сопствени кадри, производни програми, осовременување на организацијата на работењето, со еден збор дрвната индустрија на Македонски Брод да стане еден од агенсите на развојот и генератор на развојот на целото подрачје. Секако дека ориентацијата кон поврзување со странски партнери од поразвиените земји не го ограничува, туку, напротив, го прави уште понеопходно интензивното ангажирање на "Столичара".

Општината е богата со минерални суровини, кои делумно се експлоатираат, а нивиот квалитет овозможува поголем дел од производството да се извезува. Постојното претпријатие "Силика-Минерал" претставува добра основа за развој на оваа дејност. Со релативно мали вложувања може да се зголемат производните резултати и вкупните финансиски ефекти. Иако ова вложување ќе има релативно мали ефекти врз вработувањето, тоа ќе има посредни ефекти врз вкупниот развој на општината и ќе претставува основа за развој на повеќе придружни и други дејности. Можностите за развој на екплоатацијата на неметалите ќе зависат и од законските решенија во врска со давањето концесии. Неметалите претставуваат основа и за развој на програми од областа на градежната индустрија.

Производството на неметали во Р Македонија, во периодот 1986-1988 година, растеше со стапка од 11-12%. Меѓутоа, од тогаш, а особено од почетокот на деведесеттите години, производството нагло опаѓа, така што денеска може да се цени дека изнесува



помалку од 40% во однос на 1988 година. Друга карактеристика е дека извозот на изработки од неметални минерали во Република Македонија се намалил од 21 милион американски долари во 1993 година, на 16 милиони во 1996 година, додека увозот пораснал од 13 милиони во 1993 година на 24 милиони во 1996 година, односно трговското салдо се влошило од 8,8 милиони во 1993 година на минус 8,2 милиони во 1996 година[4)] . Причините за ваквата состојба се многубројни, а најзначајни се: губењето на некогашните пазари, блокадите, рецесијата на нашето стопанство, последиците од транзицијата, а секако и немање на адекватна политика за рационално користење на природните ресурси во државата воопшто, а посебно за рационално и планско користење на минералните суровини.

Од друга страна, нема ефикасен закон за истражување и експлотација на минералните суровини и закон за концесиии на минералните суровини. Имено, согласно Уставот на Република Македонија, сите минерални суровини, како добра од општ интерес, можат да се отстапат на користење, додека начинот и условите за остапување на користење се уредува со Закон за концесии. Со овој Закон се уредува начинот и условите под кои добрата од општ интерес за Републиката можат да се дадат на користење. Заради конкретно и децидно уредување на концесијата, Законот упатува на донесување дополнителна законска регулатива во облик на концесиски акти. Концесиските акти ќе го уредуваат начинот и условите за користење на концесијата по определени добра од општ интерес.

---

[4)] *Осврт на состојбите и движењата на надворешно трговската размена - карактеристични надворешно трговски салда по сектори*, Стопанска комора на Македонија, 1997, Скопје.

Во сегашниов период, поради отсуство на постојана и соодветна законска регулатива, како и други правни прописи, нема услови за вложување на било каков капитал во врска со користењето, односно концесијата на минералните суровини. Доколку се оцени дека за одредени видови минерални суровини може да се даде концесија, во тој случај, согласно Законот за концесија, надлежните државни органи донесуваат законски определен акт со кој ќе бидат определени режимите за дадената можност за концесија.[5)]

Развојот на неметалната индустрија претставува една од најсилните компаративни предности на општината Македонски Брод чиј развој ќе придонесе за развојот и растежот на општината и зголемувањето на бројот на вработените. "Силика-Минерал" ја заснова својата конкурентност врз квалитетот на доломитот (24% магнезиум оксид) и учеството во вкупното производство на доломит од 46% на ниво на државата, но и врз богатите лежишта на кварц, кварцити и црн мермер, како и врз стекнатото искуство. Производите на претпријатието наоѓаат примена во хемиската, стакларската, фармацевтската и гумарската индустрија, бродоградбата, како и во градежништвото и друго.

Кај производството на доломит е присутна тенденција на намалување на производството за да од 1996 година почне да се зголемува. Треба да се нагласи дека од вкупното производство на доломит во 1995 година во Македонија 46% е остварено во "Силика-Минерал". Трендот на продажба на доломитот е променлив за да од 1995 година има нагорна линија. Капацитетот се користи со просек од околу 35%, што претставува мошне низок процент во споредба со процентите во времето кога искористеноста изнесуваше околу 70%. Претпријатието нема сериозна конкуренција кај доломитот, а наспроти тоа има конкуренти кај градежната фракција: "Гранит" од Гостивар (во истата општина), "Слоештица" (Демир Хисар), "Илинден" (Струга) и др. Кај производството на кварц е присутна тенденција на зголемување на производството до 1994 година, а од 1995 година веќе не се произведува поради ниските цени кои не можат да ги покријат трошоците.

Опремата на претпријатието е со степен на реална амортизираност од 60% до 90%. Транспортните средства се реално амортизирани од 82% до 96%. Претпријатието со сопствени средства има набавено нов камион, дупчалка и друга ситна опрема во износ од околу 164.000 DM. Исто така, за одбележување е дека производната програма на претпријатието е збогатена со производство на пасти за раце и вим кои служат за интерна употреба.

За отстранување на тесните грла потребно е:

1. Промена од камионски транспорт на континуиран транспорт со лента со која инвестиција би можело да започне експлоатација на црниот мермер и да се постигне цена на кварцот. За ова вложување е потребно околу 140.000 DM при каматна стапка од 8% годишно.
2. Доопремување на дел од сепарацијата за дробење на ситни фракции на доломит. Оваа инвестиција би изнесувала околу 200.000 DM.
3. Замена на дотраената мобилна и стабилна опрема со нова технолошки продуктивна.

[5)] Љупчо Трајковски, Тодор Новаковски, Лепа Палевска: *Законската основаност за вложувања на приватниот капитал во геологијата и рударството на Република Македонија и искуствата за тоа од другите држави*, во Зборник на трудови од советувањето на тема: *Рударството и геологијата на Република Македонија во разни услови на стопанисување*, Струга, 1996.

Со овие вложувања развојните можности на друштвото значително ќе се подобрат што ќе овозможи да започне и експлоатација на црн мермер (интерес да се извезува во Италија и Грција). Со овие вложувања ќе се постигне и конкурентна цена во експлотацијата на кварц за пласман како во земјата, така и за извоз. Освен тоа, постојат можности за збогатување на дејноста на работењето и со воведувањето на линија за производство на жардинери, бехатон плочки ивичници, жардинери за цвеќиња и др.

Поради непостоењето на нечиста индустрија во општината постојат можности за производство на чиста храна и тоа, во прв ред, во областа на сточарството. Пространите шумски пасишта се особено погодни за одгледувањето на ситен добиток. Сточарството, пак, претставува основа за развој на некои делови од прехранбената индустрија.

Македонија е увозник на сите видови месо, со исклучок на јагнешкото. Исто така, во државата се увезуваат и големи количества на производи од месо и сувомеснати производи. Во општината постојат можности за одгледување на ситен добиток (овци и кози), а постојат можности и за одгледување на крупен добиток за добивање на месо, свињи и пилиња. Високата побарувачка за месо и поволните цени се солидна претпоставка за развој на оваа дејност. Малите фарми се погоден облик за развој на сточарството со оглед на расположливите услови (градежни објекти и неопходната инфраструктура), така што почетното вложување ќе биде во набавката на добитокот. Во областа, пак, на одгледувањето на ситен добиток, објектите на ЗЗ "Пешница" (четири објекти на поволна локација и со потребната инфраструктура) се солидна основа за развој на ваква дејност.

Заокружувањето на производниот процес во сточараството со активирање на мини кланици ќе



придонесе за поголеми финансиски ефекти, како и за зголемување на вработеноста. Инвестициите во кланици, во најголем дел, се однесуваат на градежниот дел (за кланица на пилиња и на јагниња околу 90% од вложувањето е во градежниот објект, а за свињи и говеда околу 60%). Во општината постојат изградени објекти на поволни локации кои може да се искористат за овие намени. Вложувањето во програми за производство на сувомеснати производи и програми за пакување на месо, исто така, ќе придонесе поголеми финансиски резултати и зголемување на вработеноста.

Развојот на сточарството ќе придонесе да се развие производството на млеко и на производи од млеко. Во општина Македонски Брод нема млекарница што дава можности со релативно мали вложувања да се развие програма за производство на млеко и различни производи од млеко.

Развојот на рибарството може да се остварува со проширување и модернизација на постојните и со изградба на нови мини рибници. Рибарството може да се развива и на мали фарми кои овозможуваат зголемување на асортиманот на риби, а и заштеда на вода. Пчеларството, исто така, дава можности за развој на малите бизниси.

Во општина Македонски Брод постојат услови за развивање на овоштарството и тоа на производството на јаболка, круши, вишни, ореви и други производи. Со оглед на високиот степен на незагаденост, овие производи може да се пласираат на домашниот и странските пазари, а еден дел може да послужи и за производство на природни овошни сокови. Меѓутоа, развојот на оваа дејност ќе зависи од ефикасноста на економската политика во областа на земјоделството, од развојот на коопарантските односи, како и од развојот на трговијата на големо.

Производството на ферментиран тутун може значително да се зголеми со инвестиција во сушари за јадролисни тутуни "Вирџинија". Иако ефектите од ова вложување на нови вработувања се релативно мали, севкупните финансиски ефекти за претпријатието-носител на откупот и ферметирањето на тутун ќе бидат релативно високи. Тоа, пак, претставува основа за проширување на активностите и во други стопански дејности.

Според почвените и климатските услови, општина Македонски Брод спаѓа во подрачјата каде што се произведува главно ситнолисен тутун кој се одгледува на околу 35 хектари. Производството на тутун во најголем дел го остваруваат индивидуалните производители, а постојат можности за зголемување на површините за 10 хектари.

Носител на откупот и обработката на тутунот е претпријатието "Југотутун-Треска" од Макдонски Брод, кое остварува и примарно производство. Претпријатието вработува 62 постојани лица, а заедно со сезонски вработените просечниот број на вработените изнесува 85 лица. Во состав на претпријатието влегуваат 12 хектари обработливо земјиште кое се користи за сопствено производство на тутун и на расад. Претпријатието дава стручна помош при расадувањето на оваа култура, а располага со магацински простор за околу 500 тони, како и придружна опрема. Претпријатието располага и со угостителскиот објект "Пешна" во близина на Македонски Брод со 40 легла за ноќевање и 200 столови, во чии состав е и рибникот со капацитет од околу 20 тони калифорниска пастрмка годишно.

Сушарите за сушење на тутун од типот "Вирџинија" имаат капацитет од околу 140 тони во текот на една година (две двоканални и 11 едноканални сушари). Дел од производството на ситнолисен тутун се



извезува и тоа просечно околу 50 тони ферментиран тутун годишно. Извозот на оваа претпријатие во вкупниот извоз на ферментиран тутун на Република Македонија учествува просечно со околу 0.33%.

За развој на претпријатието и за зголемување на вработеноста значајно е што во околните општини (пред сé во општина Пласница) може рентабилно да се произведуваат јадролисни тутуни од типот "Вирџинија". Во Република Македонија околу 30 години се прават напори за зголемување на производството на јадролисни тутуни. Потребите од овие видови тутуни за задоволување на побарувачката за производство на цигари изнесуваат околу 10.000 тони, додека просечното домашно производство во периодот 1990-95 година изнесува 1.422 тони годишно. Тоа значи дека околу 8.500 тони или 85% од потребите за јадролисни тутуни се задоволуваат со увоз. Ваквата состојба овозможува проширување на производството на овој вид на тутуни во општина Македонски Брод.

Капацитетите за сушење на јадролисен тутун не можат да ги прифатат сите количества произведен тутун така што еден дел го откупуваат претпријатија од други општини. На пример, во 1997 година околу 200 тони тутун од сортата "Вирџинија" се префрлени во соседните општини. Со новите измени на Законот за тутун треба да се обезбеди детална евиденција на производителите на тутун, како и на условите кои треба да ги исполнат претпријатијата што ќе вршат откуп.

Можностите за зголемување на производството на суров јадролисен тутун се ограничени од недоволните капацитети за сушење на претпријатието "Југотутун-Треска". Зголемувањето на капацитетите за сушење на тутун од сортата "Вирџинија" во општината, во рамките на претпријатието "Југотутун-Треска" или од страна на други претпријатија, како и од инди-

видуални производители, ќе предизвика повеќекратни позитивни ефекти. Ако зголемувањето на капацитетите за сушење се оствари во рамките на претпријатието бројот на постојано вработените ќе се зголеми за околу 15 лица.

За зголемување на капацитетот за сушење на околу 400 до 500 тони годишно потребна е инвестиција од околу 110.000 DM (вредноста на една сушилница изнесува околу 30.000 DM). Во државата постојат околу 550 сушилници кои целосно не се искористени, така што проблемот со оваа тесно грло може да се реши и со купување на некои од овие сушилници. Отстранувањето на ова тесно грло ќе создаде услови и за зголемување на производството на тутун и ангажирање на уште околу 400 коопепанти од општината и соседните општини. Поволните цени што се остваруваат со продажбата на јадролисен тутун, заедно со релативно добрите приходи што се остваруваат, се претпоставка за зголемување на оваа производство во општината.

Поволните цени што се остваруваат со продажбата на јадролисен тутун, заедно со релативно добрите приходи што се остваруваат се претпоставка за зголемување на вкупното производство на "Југотутун-Треска". Нагорниот тренд на потрошувачката на цигари во светот, незадоволената побарувачка на јадролисни тутуни и големиот увоз, како и сѐ поголемата заинтересираност на странскиот капитал за тутунската индустрија на Република Македонија, се реални претпоставки врз кои треба да се гради концепцијата на развојот на производството на тутун. Со оглед на севкупните ефекти, оваа инвестиција треба да има приоритет во финансирањето на развојот во општина Македонски Брод.

Развојот на земјоделството во општина Македонски Брод треба да се остварува со поцелосно искористување на расположливите природни потенцијали. Тоа ќе овозможи не само поголемо задоволување на домашните потреби за земјоделски производи и на нивни преработки, туку и зголемување на извозот на вакви производи. Зголемувањето на земјоделското производство е претпоставка за зголемување на вработеноста и на продуктивното ангажирање, како и подобрување на економската и социјалната положба на еден дел од населението во општината.



Земјоделското производство во општина Македонски Брод во најголем дел се остварува во рамките на индивидуалните земјоделски производители. Единствено претпријатие кое извршувало земјоделска дејност е З.З. "Пешница" кое во најголем дел стопанисуваше со одгледување на овци. Задругата извршуваше и полјоделска дејност на околу 400 хектари, но поради несоодветната обработка и недоволната примена на современа механизација и обработка, се постигнуваа мали приноси. Задругата е во стечај, а нејзината сопственичка трансформација ќе се оствари со формирање на неколку нови друштва.

* * *

*д-р **Благоја Наневски**,*
*Економски институт - Скопје*

## ИНВЕСТИЦИИ И ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ОПШТИНАТА

### 1. Вовед

Стопанскиот развој во Република Македонија се остварува во нов амбиент каде што доминираат сопственичките и пазарните услови на работење. Во новите услови се менува стратегијата на регионалниот развој во која ќе доминира пазарната ориентација во остварувањето на регионалната политика. Новата регионална стратегија ќе се остварува врз основа на развојот на секторските приоритети кои во конкретните услови ќе се јават како носители на развојот. Со мерките на економската политика ќе се поддржуваат развојните можности и самоиницијативата на стопанствениците врз основа на пазарните принципи.

Идниот развој на општина Македонски Брод ќе се остварува во услови на пазарна економија, автономија на носителите на стопанските активности во формирањето на акумулацијата и употребата на заштедите, како и автономија во донесувањето на инвестиционите одлуки. При изборот на инвестицијата и изворот на нејзиното финансирање, пред сè, ќе се води сметка за финансиските ефекти и временската димензија на ефектуирање на вложувањето. Тоа значи дека носителите на инвестиционите одлуки ќе се раководат од општоприфатените критериуми во инвестирањето, а истото ќе се однесува и за останатите учесници во формирањето на средства за инвестиции и тоа банките, претпријатијата и населението.



Улогата на државата во најголема мера ќе се остварува во создавањето на поволни инвестициски услови, а нејзиното учество во инвестиционата потрошувачка ќе биде условено од степенот на заинтересираност на приватниот сектор за вложувања. Директното инвестиционо ангажирање на државата ќе биде релативно мало и тоа во областа на јавниот сектор и крупната инфраструктура, односно тоа ќе зависи од (не)заинтересираноста на приватниот сектор. Индиректното ангажирање на државата ќе биде значително поголемо и тоа ќе се остварува преку мерките на економската политика, во прв ред на даночната политика, кредитната политика, царинската, со инвестициски олеснувања и поттикнувања, односно преку создавањето услови за привлекување на приватен капитал. Вака поставените општи рамки на инвестициона политика во голема мера ќе значат намалување на трансферот на акумулација кој се остваруваше со фискални мерки (формирањето на средства за финансирање на недоволно развиените општини, средства за интервенциите на државата во јавниот сектор и др.), а акцентот ќе биде врз пазарната мобилност на капиталот.

Малите бизниси овозможуваат разновидност и голема диверзификација на деловните активности. Тие се елемент на развојот и на големите претпријатија. Малите бизниси овозможуваат високо продуктивни стопански активности поради нивната прилагодливост и можностите брзо да реагираат на потребите на пазарот. Со оглед на структурата на стопанството на општина Македонски Брод релативно мали се

можностите за развој на малите бизниси како снабдувачи со делови и полуфабрикати на големите претпријатија. Тоа значи дека насоките на развојот на малите бизниси треба да бидат во областа на финализацијата на мали серии за специфични потреби во кои ќе биде опфатено задоволувањето на потребите и на постојните претпријатија.

## 2. Обем и структура на инвестициите

Остварените инвестиции во општина Македонски Брод во периодот 1993-1995 година значително заостануваат зад републичкиот просек. Општината (заедно со општините Самоков и Пласница) во населението на државата учествува со 0.6%, а во вкупните инвестиции во 1993 година со 0.02%, во 1994 година со 0.06%, а во 1995 година со 0.36%. Во прикажаната состојба на остварените инвестиции не се целосно земени вложувањата на приватниот сектор и на населението. На пример, 1997 година во општината се регистрирани 92 претпријатија, од кои 70 се во трговијата и угостителството.

Во структурата на инвестициите во општина Македонски Брод во периодот 1993-1995 година преовладуваат производните инвестиции. Така, во 1993 и 1994 година инвестициите во целост се производни и тоа во 1993 година 100.0% во индустријата и рударството, додека во 1994 година, 37.0% од инвестициите се реализирани во индустријата и рударството, а 63.0% во шумарството. Во 1995 година, производните инвестиции учествуваат со 76.7%, а непроизводните со 23.3%. Најголем дел од производните инвестиции е реализиран во сообраќајот и врските (46.2%), а остатокот во индустријата и рударството (30.5%). Непроизводните, пак, инвестиции во целост се остварени во станбенокомуналната дејност.



***Табела 3.*** *Структура на остварените инвестиции во Македонски Брод, во %*

| | 1993 | 1994 | 1995 |
|---|---|---|---|
| ***1. Според карактерот на изградба*** | 100,оо | 100,оо | 100,оо |
| *1.1. Нови капацитети* | 7,8о | 65,18 | 24,19 |
| *1.2. Реконструкција* | 14,84 | 21,75 | 73,78 |
| *1.3. Замена* | 77,36 | 13,о7 | 2,о2 |
| ***2. Техничка структура*** | 100,оо | 100,оо | 100,оо |
| *2.1. Градежни работи* | 54,84 | 23,9о | 97,98 |
| *2.2. Опрема со монтажа* | 45,16 | 17,77 | 2,о2 |
| *2.3. Друго* | 0,оо | 58,33 | 0,оо |

***Извор:*** *Наши пресметувања врз основа на податоци на СГМ 1995 и 1996 и Статистички преглед 288.*

Остварените инвестиции во општина Македонски Брод според карактерот на изградбата и според техничката структура не задоволуваат. Според нивниот карактер, остварените инвестиции само во 1994 година во најголем дел се однесуваат за нови капацитети (65.18%), додека во 1993 година најголемиот дел (77.36%) од инвестициите се за замена, а во 1995 година најголемиот дел (73.78%) се наменети за реконструкција. Кога се набљудува техничката структура на инвестициите состојбата е уште понеповолна бидејќи учеството на опремата е мало, особено во 1994 и 1995 година.

Причините за мошне ниското ниво на инвестициите во општина Македонски Брод се идентични како и за државата во целина, со тоа што поради релативно понискиот степен на развиеност на општината негативните ефекти од транзицијата и економската криза, имаат поизразено влијание. Основна причина претставува мошне ниското ниво на акумулацијата што ја создава стопанството. Еден дел од претпријатијата во оваа општина покажуваат негативни финансиски ре-

зултати во работењето, додека останатиот дел издвојува минимални средства за финансирање на развојот.

Остварените производни инвестиции се финансирани од сопствени средства на претпријатијата, додека инвестициите во комуналната дејност се финансирани со средства добиени од Агеницијата за неразвиени подрачја. Само еден дел од претпријатијата во општината кои што порано биле носители на развојот и ангажирале најголем дел од вработените остваруваат профит, и тоа "Белица", "Силика-Минерал", "Југотутун-Треска" и др.

Меѓутоа, овие претпријатија, поради тешките услови на стопанисување карактеристични за целото стопанство на државата, издвојуваат малку сопствени средства за развојот, додека туѓите средства за финансирање на инвестициите, во прв ред банкарските кредити, се неатрактивен извор со оглед на неповолните услови под кои што се нудат (високи реални каматни стапки). Еден дел од претпријатијата се под стечај и процесот на приватизација е стопиран ("Преработка", "Столичара", "Бродчанка", Земјоделската задруга "Пешница") така што во блиска иднина не треба да се очекува нивно профитабилно работење и издвојување на сопствени средства за финансирање на инвестициите.

Во текот на анализираниот период банките мошне малку се присутни во кредитирањето на инвестициите во општина Македонски Брод, што значи дека финансиските средства на стопанството на општината и на населението, без оглед на нивниот мал обем, не се во функција на развојот. Причините за ваквата состојба, во најголем дел, треба да се бараат во ниската побарувачка за инвестициони кредити, неадекватните инвестициони програми, како и во високите камати што ги пресметуваат банките на кредитите што ги одобруваат од сопствените извори.



Во општина Македонски Брод е реализирана само една инвестиција со странски средства и тоа изградба на млекарница во селото Манастирец. Инвестицијата изнесува околу 100.000 DM, а изворот на средствата потекнува од странска невладина организација. Во општината не се произведува млеко и производи од млеко на индустриски начин, а млеко и поголемиот дел од потребите за млеко и на производи од млеко се задоволуваат од соседните општини (главно од Тетово, Гостивар и Битола). Тоа укажува дека замислата да се изгради млекарница е оправдана, а со нејзиното ефектуирање, не само што ќе се задоволуваат потребите на општината, туку ќе се создадат претпоставки за развој на сточарството.

Млекарницата беше предвидена да произведува пастеризирано млеко и млечни производи во најголем дел од козјо млеко. Меѓутоа, поради неадекватните маркетиншки подготовки, слабостите во организацијата на работењето и пропустите во раководењето, млекарницата во работењето не оствaруваше профит поради што истата е затворена, а поголем дел од инсталираната опрема е продадена.

Искуствата од оваа неефектуирана инвестиција се повеќестрани. Тие укажуваат на непочитување на основните елементи во инвестирањето како од страна на кредиторот, така и од страна на корисникот на кредитот. Кредиторот не создаде услови за презентација на неколку инвестициони програми од различни области. На тој начин, на самиот почеток не беше создадена клима за конкуренција на повеќе носители и на повеќе идеи. Не беше изготвена квалитетна инвестициона програма во која ќе се дадеше одговор на економската оправданост на инвестицијата.

Особено недостасуваше анализа на локалните можности за производство на козјо млеко, за каналите на откуп на млеко, како и за побарувачката на

производи од козјо млеко во општината и во земјата. Исто така, носителот на оваа инвестиција го немаше потребното искуство во областа на маркетингот, организацијата на работењето, раководењето и управувањето со финансиите и др.

### 3. Можни извори за финансирање на развојот и на малите бизниси

Макроекономската политика посветува забележително внимание на развојот на малите и средните претпријатија. За поттикнување на нивниот развој се предвиде широк круг на мерки во различни области кои треба да ги заинтересираат и привлечат инвеститорите. Освен тоа, како и досега, еден дел од кредитите на меѓународните финансиски институции ќе се насочуваат за развој на овие претпријатија, а владата ќе дава и гаранции на кредити за оваа намена.

За забрзување на развојот на општина Македонски Брод и за зголемување на вработеноста неопходно е зголемување на обемот на инвестициите и на нивната ефикасност. Недостатокот на капитал за финансирање на инвестициите ќе претставува еден од најзначајните лимитирачки фактори за развој на општината. Обемот и динамиката на инвестиционата потрошувачка во општина Македонски Брод ќе зависат и од висината на остварената интерна стапка на рентабилност на инвестициите. Оваа стапка треба да биде повисока од каматната стапка што ќе делува мотивирачки трансакторите да инвестираат во развојни проекти. Се цени дека стапката на принос од инвестирањето, кај нас, треба да се движи меѓу 18% и 24%, а во зависност од стопанската активност и ризикот.[6]

[6] *Национална стратегија ...*, стр.194



Општина Македонски Брод, како недоволно развиена, во минатото, се јавуваше како редовен корисник на средства што се формираа со фискални методи за финансирање на развојни и други проекти. Нискиот степен на развиеност на општината овозможува користење на средства и во рамки на новата политика на порамномерен регионален развој. Меѓутоа, методите и каналите на дистрибуција на дополнителна акумулација ќе бидат изменети, а акцентот ќе се стави врз пазарните методи на мобилност на акумулацијата каде што инвеститорите ќе се раководат, пред сè, од профитабилноста на вложувањето.

Агенцијата за поттикнување на развојот на неразвиените краишта учествува во кредитирањето на програми од областа на инфраструктурата, нестопанските дејности и стопанството. Меѓутоа, за користење средства од овој извор ќе се јавуваат релативно поголем број на заинтересирани. Ваквата состојба и малиот обем на средства со кои располага Агенцијата, во услови кога не се остварува зацртаното издвојување на средства во нејзините фондови, значат дека обемот на средства на кои ќе може да смета општина Македонски Брод ќе биде мал.

Слично на состојбите во државата, и во општина Македонски Брод, спротивно на предвидувањата дека сопственичкото преструктуирање ќе предизвика заживување на инвестиционата активност и технолошко и организационо преструктуирање, во практиката се одвива процес на раздробување на претпријатијата, отпуштања на вработените, стечаи и намалување на обемот на производството. Затоа, инвестиционата активност во општина Македонски Брод на краток рок треба да биде насочена кон ревитализација и преструктуирање на постојните производствени капацитети, како и развојот на малите бизниси. Иако сегашната структура на стопанството се карак-

теризира со застарена и истрошена опрема, постоење на тесни грла, мошне ниска акумулативност, превработеност, ниска продуктивност, мошне ниска искористеност на капацитетите, неликвидност и др., најголемите потенцијали за заживување на стопанскиот развој и за зголемување на вработеноста постојат кај овие претпријатија.

Ревитализацијата на претпријатијата и нивното техничко-технолошко иновирање, заедно со организационото преструктуирање ги даваат основните насоки на идната инвестициона активност во рамките на постојната структура на стопанството. Современите методи на раководење и управување, како и афирмацијата на креативните сили се јавуваат како еден од основните двигатели на развојот. Материјалните богатства во вид на суровини имаат третман на второстепен фактор на развојот.

Банките во Република Македонија се соочуваат со проблеми што произлегуваат од наследените ризични пласмани. Нивниот кредитен потенцијал е низок, а според оценките на странски експерти, тој е и понизок од големината и степенот на развиеноста на стопанството. Во кредитниот потенцијал на банките мошне високо е учеството на краткорочните депозити што е одраз на мошне ниската акумулативна способност на стопанството. Освен тоа, голем дел од пласманите на банките имаат висок степен на ризичност што ги принудува да држат високи резерви. Тоа, пак, влијае реалните каматни стапки да се високи и во зависност од банката да се движат помеѓу 17% и 24%, годишно.

Поради овие проблеми во догледно време не треба да се очекува поголемо учество на домашните банки во финансирањето на инвестициите од средства формирани со домашното штедење. Најзначаен домашен извор за финансирање на инвестициите претставуваат тезаврираните штедни влогови на населението. Меѓутоа, поради недовербата кон банките овој финансисиски ресурс не е во функција на развојот.



Од развојна гледна точка, а со цел да се искористат заштедите на населението за финансирање на развојот, потребно е формирање на штедно-кредитни задруги, штедилници за самопомош и слични финансиски установи, кои во голема мера ќе придонесат да се зголеми склоноста кон инвестирање на населението. Овие штедилници, покрај тоа што обезбедуваат решавање на повеќе егзистенцијални потреби на населението како што е изградбата на куќа, или стан и набавка на трајни потрошни добра, играат важна улога во финансирањето на малите бизниси и вработувањето, овозможувајќи набавка на опрема за стопанска активност. Во развиените земји оваа форма на штедење е многу развиена бидејќи на штадачите не само што им обезбедува сигурност на влоговите, туку придонесува и за забрзување на стопанскиот развој и за нивното вработување.

Во сегашниве услови на постоење на недоверба кон банките и штедилниците, формирањето на вакви штедни установи ќе придонесе да се активираат тезаврираните парични влогови и истите да се стават во функција на забрзување на стопанскиот развој. Тие се особено погодни за развој на малото стопанство каде што се потребни релативно мали средства за да се обезбеди вработување и егзистенција. Освен тоа, треба да се развива ортачкиот настап со што ќе се изврши концетрација на заштедите и ќе се формира потребниот капитал. Меѓусебното позајмување на пари, исто така, може да биде во функција на концентрацијата на финансиските средства и на зголемувањето на инвестициите во малото стопанство.

Еден дел од постојните претпријатија на општина Македонски Брод успешно ќе извезуваат поголем дел од сопственото производство. Особено се поволни

можностите за извоз на неметали, дрво и на производи од дрво, како и на здрава храна. Извозната ориентираност на претпријатијата од овие стопански дејности, заедно со природните богатства во областа на неметалите, се претпоставка и за привлекување на странски капитал. Можности за привлекување на странски капитал дава и производството на ферментиран тутун.

Причините за малиот интерес на странците да вложуваат во македонското стопанство се надворешни и внатрешни. Во надворешните влегуваат местоположбата на Република Македонија во светот, политичката состојба во регионот, странските инвеститори малку знаат за земјата, а пазарот е релативно мал. Во внатрешните причини спаѓаат институционално незаокружениот економски и правен систем, посебно во врска со странските вложувања, нерешениот сопственички статус на земјиштето, непостоењето на закон за денационализација, неадекватните законски решенија во врска со стечајот и ликвидацијата на претпријатијата, непостоењето на антимонополско законодавство, неадекватниот даночен систем, непостоењето на ефикасен пазар на капитал и друго. За привлекување на странски капитал во областа на неметалите е важно да се донесе Закон за истражување и експлоатација на минералните суровини и Законот за концесии на минералните суровини.

Постојат повеќе извори на странски средства што може да се користат за финансирање на инвестициите. Овие средства, по правило, се одобруваат преку домашните банки, а еден дел и преку други организации и фондации. Меѓутоа, информираноста на стопанствениците, особено на оние што сакаат да започнат сопствен бизнис за можните извори да користат вакви средства, по правило, е недоволна



поради што целосно не се искористени расположливите можности.

Особено малку се користат средства за кредитирање на земјоделството. Како причини за ваквата состојба се наведува неподготвеност на банките да прифаќаат програми од земјоделството поради релативно поголемиот ризик и неизвесноста во ефектуирањето на вложувањето, неприфаќањето на понудените хипотеки, односно немањето услови да се понудат бараните хипотеки, како и неадекватните инвестициони програми. Освен тоа, поради сопствената ниска платежна способност, земјоделците не се во можност да го обезбедат бараното сопствено учество, а и каматите по кои се нудат кредитите, иако тие се значително пониски од оние што банките ги бараат за кредитите од сопствените извори, се високи и неприфатливи за поголем дел од барателите на кредити. Врз ваквиот став на земјоделските производители влијае и несигурноста во пласманот на производството во услови на слаба заштита на домашното производство, како и оправданиот страв од неконтролиран увоз на земјоделски производи.

Во финансирањето на инвестициите во општина Македонски Брод треба да се создадат претпоставки за нивното успешно ефектуирање. Постои недостиг на основни знаења инвестицијата да се осмисли и реализира. Тоа особено се однесува за малите бизнисмени каде што нивото на економското образование е на ниско рамниште и недоволно за водење и успешно ефектуирање на некој инвестициски проект. Затоа, се наметнува потребата од натамошно стручно усовршување на постојниот кадар на стопанственици за основните принципи на пазарната економија, маркетингот, основните принципи на инвестирањето, изработката на бизнис план, организацијата на работењето, раководењето со финансиите итн.

д-р **Дејан Пендев,**
*Економски институт-Скопје*

# ПРЕТПОСТАВКИ ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИОТ БИЗНИС

## 1.Вовед

Малиот бизнис започнува со визија, идеја или информација за некоја активност во областите на производство или услуги. Се разбира, доколку имате идеја, потребно е да соберете доволно информации за бизнисот пред да се одлучите да започнете со пред-инвеститорски активности. Информацијата може да поттикне идеја, а идејата изискува дополнително заокружување на сознанија за технологијата, организацијата, пазарот и други компоненти на бизнисот.

Новоформирани претпријатија кои се темелат врз визија во која учествуваат одреден број луѓе имаат најголеми изгледи да создадат успешен бизнис. Визија и учествување не значи идеја. Визијата инспирира идеи. Ако таа доволно долго се одржи и обезбеди поддршка од повеќемина, тогаш, веќе не е апстракција. Учесниците започнуваат да ја согледуваат. Во бизнисот визија е одговор на прашањето: што сакаме да создадеме? Идеите се одговори на прашањата како да се направи тоа. Визијата претпоставува финансиски ризик, експериментирање и време. Продлабочена визија значи дека знаете што сакате да правите, но се уште не знаете како да го направите тоа. Визионерот



започнува со експеримент во бизнисот затоа што верува дека токму тоа ќе функционира. Но, се покажува дека тоа не е точно. Активностите не даваат резултат. Повторно се подготвува нов инпут, нови податоци, нови напори, нови средства, нова надеж. Се менува правецот кон нов експеримент. Сосем е јасно зошто се работи тоа. Луѓето од тимот не велат: “Дај ми гаранција дека тоа ќе функционира”. Сите знаат дека гаранција не постои. Тие се безрезервно приврзани кон визијата која треба да го создаде бизнисот. Визијата мора да се фокусира на подолг временски период, а нејзините креатори учествуваат не затоа што мораат, туку затоа што веруваат и сакаат. Тоа е никулец на претпријатието во малиот или големиот бизнис.

Се наметнува прашањето: Кои личности се креатори на работа, а кои соработници и работници?

Како што спомнавме, најцврст темел во развојот на претпријатијата е нивната визија, а не идејата. Оние личности кои навистина се определуваат да ја спроведат визијата за бизнисот се креатори на работа и највредни работници. Развојот на бизнисот создава нова работа која креаторите ја споделуваат со соработниците. Поврзаноста помеѓу креаторите на работа (луѓе кои се определиле да ја споделат визијата), соработниците и работниците е многу сложена и таа област перманентно се креира и иновира. Се развива нова филозофија, се разбира, и терминологија.

Денес е вообичаено да се слушне дека најголемиот број менаџери ангажираат луѓе со кои ја споделуваат визијата со нивно “купување”. Тоа за повеќемина сугерира процес на продавање каде што едниот продава, а другиот купува. Продажба, генерално означува некој да се доведе да направи нешто кое можеби не би го направил доколку би ги поседувал сите факти. Во контраст “определување” (кон бизнисот) терминолошки значи да се смести некое име во

определена улога. Определување, значи слободен избор, додека "да се биде продаден" најчесто не значи тоа. Определувањето е процес, да се постане дел од нешто по сопствен избор. Активноста, опишува состојба на поединецот во која не само што тој пристапува, туку и чувствува полна способност, одговорност и желба да се случи визијата. Тие ќе преземат акции доколку се појават потреби, но се додека не се сподели визијата тие нема да превземат ништо за следниот настан. Согласни и тие да учествуваат во бизнисот, работат она што се очекува од нив и ја поддржуваат визијата до одреден степен.

Накратко, да ги презентираме ставовите на личностите кон визијата за бизнис:

- *Активист.* Ја сака визијата за бизнисот. Ќе прави таа да се случи. Креира сè што е дозволено.
- *Определен.* Ја сака визијата за бизнисот. Ќе прави сè што може да се направи во духот на дозволеното.
- *Вистински согласен.* Ги согледува придобивките од бизнисот. Работи квалитетно сè што се очекува од него, дури и повеќе. Ги следи правилата на бизнисот. Добар соработник.
- *Формално согласен.* Во општа целина ги согледува придобивките од визијата за бизнисот. Прави сè што се очекува од него. Доста добар соработник.
- *Неискрено согласен.* Не може да ги согледа придобивките од визијата. Но, исто така, не сака да ја загуби работата. Прави доволно што се очекува затоа што мора. Но, дава до знаење дека тој не е особено заинтересиран. Може да биде соработник.



- *Не е согласен.* Не може да ги согледа придобивките од визијата и не прави она што се очекува од него. "Јас нема да го направам тоа, вие не можете да ме натерате".
- *Апатичен.* Ниту е против, ниту е за визијата во бизнисот и работата. Нема интерес. Нема енергија. Вообичаено прашање "колку е часот - дали заврши работното време?"

## 2. Поделба на малите претпријатија

Под мало стопанство, или мал бизнис се подразбираат мали и средни претпријатија од сите стопански дејности, потоа, занаетчиството, семејните ракотворби и слично. Во поглед на субјектите, најголем дел од малото стопанство се состои од индивидуални сопственици на мали претпријатија и дуќани, понатаму, сопственици партнери и сопственици на мали корпорации. Малото стопанство во пазарните економии е изразено во големи размери и има мошне значајно место и улога во економскиот развој на земјите. Кај оние земји кај кои во поголема мера е застапено малото стопанство, особено во областа на производството на стоки за широка потрошувачка, поради полесното прилагодување на модата и брзите промени на барањата на пазарот - обезбедува поголема извозна експанзија. Тоа, пред сè, се следните видови производи: производство на предмети на домашни ракотворби, производство на разни алкохолни и безалкохолни пијалаци, специфични растителни екстракти, производство на здрава храна, тутун, обувки, разни производи и предмети од кожа и крзна, производство на конфекција, особено детска и женска конфекција, производство на специјалитети во прехраната, козметички препарати и слично.

Малиот бизнис го наоѓа своето место и улога покрај големите претпријатија, акционерски друштва и корпорации. Малите претприемнички претпријатија и групи на претприемачи со мошне флексибилна техничка поделба на работата и процеси на учење низ производни акции, треба да се најдат внатре во речиси сите големи фабрики, индустриски претпријатија и сложените профитни центри на националното стопанство.

Најчеста поделба на малиот бизнис е следната:

1. Претпријатија кои ги задоволуваат барањата на локалниот пазар. Оваа категорија претпријатија е составена од многу мали капацитети кои се под контрола на големи стокови куќи. Во оваа категорија можат да се вбројат домашните ракотворби и некои занаетчиските дејности.
2. Претпријатија кои работат по нарачка на големи фабрики. Во зависност од поделбата на работите и функционирањето на фабриката во овие претпријатија обично е вработен по еден претприемач (сопственик) кој понекогаш ангажира работници или членови на семејството. Вакви претпријатија најчесто се во обласа на текстилната индустрија и конфекцијата, но тоа не мора да биде правило.
3. Претпријатија, или мали бизниси кои се под контрола од нарачателите на крупната индустрија. Тука крупната индустрија ги одредува условите за продажба, цените, количествата и времето на испорака. Малиот бизнис од оваа категорија ги поседува сите потребни карактеристики да биде самостоен, меѓутоа ја прифаќаат кооперацијата, покрај останатото и поради силната пазарна конкуренција.



4. Мали и средни претпријатија кои преработуваат земјоделски производи. Тука се подразбира и го вклучува, главно, селското и локалното занаетчиство.
5. Регионална мала индустрија. Од овој домен малите претпријатија во делокругот на своето работење најчесто се ориентирани во ангажирањето на локалната работна сила и суровини.
6. Мала индустрија која ги снабдува поголемите градови, односно пазари. Континуираната експанзија на создавање на големи градови доведува до формирање на мали претпријатија со задача да ги снабдуваат и задоволуваат потребите на жителите во тие градови. Понекогаш овие претпријатија се занимаваат и со мошне успешен извоз на некои производи на странските пазари.

### 3. Што претставува мал или семеен бизнис?

Бизнисот, голем, мал или семеен, претставува систем кој е предмет на дефинирање. Сите системи сами по себе се подсистеми на други поголеми системи, па така малите се подсистеми на поголеми бизниси. Основни компоненти на претпријатието се:

- Влезови - идеи, трошоци (варијабилни и фиксни), информации и сл;
- Систем - целина на производство или сервис, односно системот ја прави трансформацијата на сите влезни фактори во излезни и тоа суровините, работната сила и капиталот во производи, трошоците во приходи и профитот, идеите во развој.
- Излези - производи, приходи, информации и сл.

Овој методолошки приод укажува дека креирањето на бизнисот бара знаење или барем претпоставува знаење за две од трите компоненти. На пример, ако го знаеме системот за производство на огревни брикети во кој секако е вклучен и технолошкиот процес, тогаш таканаречениот директен проблем се сведува на прашањето колкав ќе биде излезот, односно производството на огревни брикети за дадено количество отпадни пилевини. Значи, набавката на пилевина ни е позната по количество, цена и динамика, познат ни е производниот капацитет - системот и оттука го креираме производството на брикети и бараме пазар за нив - пласман за готовиот производ. Проблемот може да биде поставен и во обратна насока, за позната побарувачка и систем го креираме изворот за суровини. Повторно ќе подвлечеме дека и двата проблема и креации на решенија се добиваат по таканаречена директна метода. Состојбите се нарекуваат идеални, а креациите се релативно лесно решливи.

Втора форма на прашање и креирање на решение за проблемот, е таканареченото инверзно дефинирање. Проблемот е познат под името идентификација, односно обновување на структурата на системот, или црна кутија. На пример, идентификацијата на структурата за некој мал бизнис во областа на производство на млечни производи се состои во следното: за позната понуда на сурово млеко и кореспондентна побарувачка на млечни производи, се бара да се дефинира производниот систем заедно со знаењето за односното производство.

Зачестени се случаите, во кои претприемачот или потенцијалниот бизнисмен не може да го идентификува сопствениот проблем. Не се прави разлика помеѓу влезот, системот или излезот, поради што не може да се дефинира проблемот, а потоа да се креира решението. Да се најде прифатливо, или оптимално



решение, пред сé, треба да се знае во што е проблемот. Очигледно, иако едноставно, претприемачите го игнорираат токму тоа. Премногу средства се трошат во барање решенија на погрешно поставени прашања.

Често, потенцијалниот инвеститор на некој мал производен погон или бизнис го започнува разговорот со зборовите дека кога би имал пазар, на пример, за огревни брикети или за млечни производи, или кога земјоделецот бара пласман за тутунот, лесно би нашол пари за вакво вложување. Притоа, се предвидува дека пазарот во Р Македонија е дефицитарен со огревно дрво, млечни производи, а откупот на тутунот е обезбеден. Тоа значи дека овие инвеститори, во суштина, не го познаваат доволно производството, не се задоволни со профитот или не можат да го пласираат своето производство поради квалитетот на производот. И едниот и другиот факт не произлегуваат од пазарот, туку од системот на производство, од производната технологија, методите на работење или едноставно се нема визија за тој бизнис. Системот не овозможува да се постигне ефикасно производство со ниски цени и квалитетни производи. Се обвинува пазарот, а решението треба да се бара во системот. Така, целиот проблем е поставен наопаку.

### 4. За малиот бизнис е потребна програма

По продлабочувањето на визијата за малиот бизнис и нејзиното прифаќање потребно е да се изработи програма. Програмата нема единствена цел да овозможи добивање кредит за инвестиции или обртни средства. Таа треба да претставува навистина објективна основа за одлучување дали малиот бизнис е профитен и дали тој може да опстојува во пазарна економија која е во транзиција. Основни елементи на бизнис програмата се:

1. Производна програма и опис на производниот процес, или опис на бизнисот во областа на услугите или земјоделството;
2. Анализа на пазарот, пазар на продажба на готови стоки и услуги и пазар на набава на суровини, капитал, работна сила и сл;
3. Локација и техничко решение на објектот;
4. Избор на опрема;
5. Обем на производство;
6. Трошоци, добивки, анализа: и
7. Оценка на проектот.

Предметот на работа на малиот бизнис е основна компонента која ја одредува профитноста на истиот. Знаењето и умеењето, исто така, се важни претпоставки, но не се пресудни. Тие можат да го скратат временскиот рок за одлучување во пристапот кон бизнисот како и времето кое е потребно да се постигне потребниот обем на производство. Профитот е разлика меѓу вкупните приходи и вкупните трошоци. Значи, приходите треба да се зголемуваат, а трошоците да се намалуваат. Поголемото искористување на капацитетите воедно значи дека трошоците по единица производ се намалуваат. Приходи, како што ќе видиме, можат да се остваруваат и од дополнителни активности во процесот на производство или во областа на услугите. Трошоците генерално може да ги поделиме на фиксни и варијабилни. Основна компонента на фиксните трошоци е амортизацијата. Подинамичната амортизација на основните средства произведува поголема профитабилност на проектот во однос на подолгото амортизирање на средствата. На пример, ако средствата треба да се амортизираат за седум години, а тие се амортизираат за четири, тогаш проектот ќе оствари поголем вкупен профит по сегашна вредност на парите. Варијабилните трошоци зависат



од дејноста на малиот бизнис. Материјалните трошоци за обртни средства треба да се оптимализираат, како и трошоците за работна рака. Во денешни услови на транзиција, управувањето со трошоците е мошне усложнето.

## 5. Идеи за мали и семејни бизниси

Во Студијата се презентирани повеќе идеи за развој на мали бизниси во Македонски Брод. На пример, некои од нив се: органски ѓубрива, модуларна мини млекарница, машина за процесирање на огревно дрво, машина за производство на брикети за огрев, производство на предмети од метал и пластика, мини сушилници, мобилен секач за отпадни гранки, мобилна пилана, производен дуќан за сладолед, мини рибарници и др.

1. Користењето на органски ѓубрива во одгледувањето на тутунот го зголемува профитот. Одгледувањето на тутун претставува мал семеен бизнис. Според поделбата на видови мали претпријатија, може да се смести во трета категорија: Мали и средни бизниси кои се под контрола на нарачатели од крупната индустрија, односно од тутунските претпријатија. Овие претпријатија ги одредуваат условите на откуп, цените, квалитетот и времето на откуп. Ваквата активност е ориентирана кон ангажирање на локалната работна сила и локалните земјоделски површини. Со примена на нови генерации органски ѓубрива ќе се оствари поголем профит, но и други добивки кои во функција на времето ќе се трансформираат во уште поголем профит како резултат на разликата помеѓу вкупните добивки и тро-

шокот за ѓубривото. Добивките се создавање хумус во почвата, ги зголемува приносите за повеќе од 20%, ја намалува потребата од наводнување за 40%, ја намалува примената на вештачки ѓубрива (во првата година за 30%), ја подобрува одбранбената способност на растението, ја подобрува еколошката состојба на почвата, секоја наредна година се намалува количество на органски и вештачки ѓубрива, се ревитализира земјоделската почва. Сите добивки заедно со зголемените приноси преку цената се трансформираат во зголемени приходи, а поради намалување на одредени трошоци во зголемување на профитот. Може да се очекува профитот да се зголеми за 550 DM по еден хектар приноси на тутун. Органските ѓубрива може да се употребуваат и за градинарски и овошни насади. Ефектите од добивките и трошоците се позитивни. Со мала инвестиција во репроматеријал (околу 450 DM по хектар) се остварува соодветно толкав профит.

2. Мини модуларна млекарница. Во зависност од капацитетот и асортиманот на млекарницата, таа може да се смести во првата категорија на мали претпријатија кои ги задоволуваат барањата на локалниот пазар, или поголемиот капацитет во шестата категорија со производство кое ги снабдува поголемите градови со свои производи. Доколку се специјализира за производство, на пример, за високо квалитетно сирење, или други млечни специјалитети со еколошки одлики тогаш таквото претпријатие може успешно да се занимава и со извоз на своите производи. Современите техничко-технолошки решенија на мини млекарниците се темелат врз таканаречен модуларен тип на технологија. Модуларноста овозможува релативно евтино и брзо преструктуирање на асортиманот на производите, што е мошне битно за профитабилноста на овој вид мал бизнис. Мини млекарница со капацитет од 1000 литри на ден е исплатливо да се изгради во подрачја со развиено говедарство, или сточарство или каде што има услови тоа да се развива. Критичен елемент на млекарницата е нејзиниот капацитет. Искуството покажува дека наплатата, а не пласманот, е фактор кој најмногу ќе го загрозува функционирањето и развојот на овој бизнис. Програмата има обележје на помал индустриски погон со претежно постојано и средно автоматизирани линии. Вториот критичен елемент на квалитативниот избор ги опфаќа асортиманот, цената на производите и микролокацијата. Се проценува дека годишната бруто добивка кај млекарница со капацитет од 1000 литри на ден изнесува 85.000 DM и респективно капацитетот од 5.000 литри на ден ќе оствари годишна бруто добивка од 250.000 DM.

3. Производство на метални предмети од цинкова легура е мал производен погон кој вработува тројца работници. Ова претпријатие се сместува во втората категорија, односно тоа треба да произведува делови по нарачка од локални фабрики како што е столичарата, како и за други фабрики од дрвната, металната или електро индустријата. Овој мал бизнис исклучиво зависи од

побарувачката на индустриските капацитети за лесни метални предмети. Доколку таква побарувачка постои, тогаш тој бизнис е високо профитен и инвестициите ќе се вратат за неполна година. Може да се произведува и за извоз. Таков случај е познат во Чешка каде што мало приватно претпријатие произведува за Германија. Сопственикот, за време од една година, трипати го зголемил својот производен капацитет. Сепак, инсталирање на такво производство, кое претежно би се потпирало на извоз, не се препорачува.

4. Мобилна пилана е бизнис кој ангажира локална работна сила. Мобилноста на пиланата овозможува да се експлоатираат не само локалните ресурси на дрвна маса, туку и било кој ресурс во нашата земја. Современото решение на пиланата овозможува висок степен на продуктивност и рентабилност. Не е зависна од приклучок на електрична енергија. Пиланата овозможува 30% поголемо производство по 1$м^3$ трупци, во споредба со циркулар.

Тоа произлегува оттаму што дебелината на засекот на оваа пилана изнесува 1.6 мм, додека кај циркуларот 6.3 мм. Ова веднаш се трансформира во поголем профит кој произлегува од поголем број на даски извадени од трупци. Со оваа машина може да се направи добар бизнис. На пример, може да се однесе на локација каде што нема пилана, а има дрвна маса. Дневно може да се произведат 6-8 $м^3$ даски, што како бруто профит е 6.000 DM месечно. Втора варијанта е да се наплати по локациско преместување на пиланата. Трета варијанта е да се откупуваат трупци од кои ќе се произведуваат даски и ќе се продаваат како готов производ. Во овој случај, добивката е најголема, но се ангажираат пари за откуп на трупци.



5. Култивирање на шампињони е профитабилен семеен или мал бизнис. Како таков, тој може да се смести во четвртата категорија на мали претпријатија кои преработуваат земјоделски производи. Тоа подразбира ангажирање на локалното население и нивни соодветни простории. Во просторија од 100 $м^2$ може да се произведат околу 15 тони печурки годишно. Се одгледуваат на специјално подготвен компост, во кој има мицелиум и на површината тресет. Еден $м^2$ производна површина чини 32 DM. Приносите на таа површина се 20-25 кг. Продажната цена на големо се движи околу 2.5 DM за килограм. Мали инвестиции за екстензивно производство - мало производство. Интензивното производство бара поголеми инвестиции во простории. На пазарот се бараат свежи печурки и конзервирани во саламура, топла стерилизација, сушени и конзервирани со замрзнување. Побарувачката на печурките се зголемува на домашниот и на странските пазари. Производството може да се организира како самостојно, во една просторија, или врз принципот на откуп од семејства кои ќе ги снабдувате со компост. Постои можност за дополнителни приходи. Искористениот компост е одлично органско ѓубриво. На него можат да се произведуваат калифорниски црви кои се храна за

рибите, или квалитетна хумусна земја, со што се затвора циклусот.

## 6. Заклучок

Малото стопанство и семејниот бизнис ќе претставува важна компонента за економскиот развој. Тоа ќе апсорбира невработена работна сила што е еден од основните проблеми на нашата економија. Малото стопанство може да го развиваат луѓе кои имаат визија за одреден бизнис. Иако визијата поттикнува и создава идеи за решавање на бизнисот ние во овој текст презентиравме идеи, со намера да ја поттикнеме и потврдиме визијата која постои кај одреден број на луѓе. Треба да постои избор на програми кои ќе помогнат во одлучување за натамошна разработка на истите.

Во економската стратегија треба да се инаугурираат местото и улогата на малото стопанство. Тоа подразбира дека се потребни посебни погодности за развој на овој сектор од стопанството. Исто така, треба да се зголеми и интелектуалниот интерес за малиот бизнис. Иницијативата на сето тоа е да им се овозможи на луѓето слободна иницијатива, да работат онака како што ценат дека ќе биде најдобро за да успеат деловно. Има многу фактори од кои зависи успехот на малиот бизнис. Поважни меѓу нив се:

- Проблемите на стварни трошоци;
- Институционалните проблеми (бариери); и
- Потребните финансиски средства.

Сепак, многу деловни неуспеси на малиот бизнис се припишуваат на недостиг на раководни способности и претприемништво на сопственикот, како и на недостиг на потребниот капитал. За да се помогне во малиот бизнис, потребно е да се организираат повеќе институции и служби и да се печати обемна



литература за малото стопанство. Во светот таквите институции најчесто се организирани како:

- владини институции (агенции) за консултативни работи;
- јавно-приватни агенции или институции; и
- индивидуални советодавни групи, или фирми, за вршење на консултативни работи за малото стопанство.

Во светот, особено во развиените земји, има повеќе мерки со кои се олеснува на малото стопанство и тоа во доменот на отплати на заеми за куќи, трошоци на здравствена заштита, школување на деца, трошоци за пензиско и инвалидско осигурување, разни прилози во добротворни цели, олеснувања за разни инвестиции и слично. Одобрувањето на заеми за кредитирање на малиот бизнис, во светот, можат да го вршат многу агенции, установи, институции и банки.

Но, меѓу најзначајните извори на финансирање се владините заеми.

* * *

# Д И С К У С И И

*Дипл. ек.* ***Пецо Стојкоски,***
*Градоначалник на општина Македонски брод*

## РАЗВОЈНИТЕ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Општа констатација е дека степенот на развој на стопанството во општина Македонски Брод значително заостанува зад оној во поразвиените општини. Индустриските капацитети се релативно мали и репродукциски тесно поврзани со поголемите стопански системи на поразвиените општини во Републиката. Самата општина не располага со средства кои би ги вложила во создавање на нови индустриски капацитети чија продуктивност би помогнала за севкупен развој на општината.

Просторот на општина Македонски Брод можеби најмалку досега е истражуван и за него не постојат некои поконкретни анализи со кои би се утврдиле компаративните предности за развој и подобрување на стопанската структура. Од тие причини, изостануваат голем број на информации за расположливите природни ресурси и другите потенцијали кои би можеле да се ставаат во функција за отворање на еден процес на инвестирање и развој на самата општина. Исто така изостануваат и информациите во спротивен правец за обезбедување на можните услови за инвестирање, кредитирање, субвенционирање на локалните и државните инструменти.

Бидејќи степенот на развиеност на самата општина е на ниско ниво, зголемена е потребата од свеж капитал за нови инвестиции како и интервенции во повеќе области во инфраструктурата и социјално-економскиот аспект. Токму од овие причини, општината се обрати до Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал со барање во рамките на реализацијата на Проектот за социјални реформи и техничка помош финансиран од Светската банка и Владата на Република Македонија да се одобрат финансиски средства за изработка на Студија за локален стопански развој на општина Македонски Брод.

Работниот тим на Економскиот институт - Скопје применувајќи го своето искуство, користејќи материјали од досегашните истражувања на подрачјето на општина, согледувајќи ги состојбите кај постојните стопански субјекти и нивните развојни планови како и користејќи повеќе научни и стручни методи е автор на Студијата за локален стопански развој на општина Македонски Брод.

Проучувајќи ја Студијата може да се констатира дека според податоците со кои се располага за нејзиниот потенцијал општина Македонски Брод ќе може за кратко време да го подигне степенот на развој на повисоко ниво, но само доколку се почитуваат правилата на играта.

Она што општината го поседува како потенцијал е задоволувачко што значи дека нашата општина има можности за поинтензивен стопански развој. Нагласеноста на расположливите потенцијали за развој на земјоделството, шумарството, зачуваноста на еко системите и минералните богатства се основниот предуслов за тоа. Наспроти расположливите природни ресурси влегувањето на реформската фаза - транзицијата подрастично се одрази кај постојните стопански



субјеки во општината од причини што драстично се намалени инвестициите, а во рамките на рестриктивната политика се случи намалување на поддршката на недоволно развиените општини кои што порано имаа далеку попреференцијален третман во рамките на политиката на побрз развој на недоволно развиените краишта преку која всушност и општина Македонски Брод речиси исклучиво доаѓаше до акумулација на инвестициските потфати.

Од согледувањата во студијата може да се види дека авторите нè упатуваат кон изнаоѓање решенија во жестокото поле за борба за развој. Во таква состојба неопходно е секој да ја преземе одговорноста за својот развој. Од предлозите во студијата се гледа дека има простор за преземање конкретни мерки од повеќе субјекти кои треба доследно да се ангажираат за конечно да се дојде до очекуваните резултати.

Се поставува прашањето од каде да се почне?

Почетокот можеме да го одредиме сами правејќи сопствена анализа, или да ги искористиме услугите на други кои во овој период се нудат, или треба да се побараат, а се задолжени да дадат соодветна техничка и стручна помош. Овде нам ни е важен почетокот. Важно ни е да сфатиме дали може да се мобилизираме и да ги искористиме материјалните и нематеријалните можности во функција на развој на сопственото претпријатие, сопствениот бизнис за развој на сопственото претпријатие, сопствениот бизнис за развој на општината.

Констатација е дека претприемничкиот дух на раководниот кадар на постојните стопански субјекти треба да се подига и да се насочува во поголема отвореност кон реализацијата на нови иницијативи за воведување нови производи за освојување на нови пазари, за приближување кон странски инвеститори за искористување на постојните капацитети за почеток

на нов развој. Од страна на секој субјект потребно е да се направи анализа каде се наоѓа денес и што може да го очекува утре. Борбата за опстанок без борба за развој е многу ризична.

Тоа значи дека доколку претприемачите во стопанските субјекти не ги реализираат или не се ангажираат да ги остварат новите развојни планови ризикот за нивниот опстанок е неизбежен.

Од поднесените реферати на овој научен собир од голема важност е и тоа што во оваа прилика имаме можност да се упатиме и на најзначајните институции со кои е потребна интензивна соработка за реализација на развојните перспективи како што се: Агенцијата за приватизација, Агенцијата за развој, НЕПА, Фондот за финансирање и поддршка на малите и средните претпријатија, Регионалната стопанска комора, Одделението за развој на малите и средните претпријатија, насоките за основање на совет за развој итн. Исто така, од голема важност е посочувањето на изворите за финансирање и кредитирање кај кои стопанските субјекти ќе можат во овие пазарни услови да се обратат за одобрување на финансиски средства за реализација на нивните инвестициски програми.

Ако на крајот ги погледнеме заклучните согледувања од оваа студија навистина ќе видиме кои се основните правци во кои општина Македонски Брод може да очекува поинтензивен стопански развој. Изработката на оваа студија јас ја ценам и како еден документ кој е верифициран од научна институција и ќе ни послужи за настап пред деловните партнери и заинтересираните бизнисмени од земјата и странство кои во иднина ќе најдат свој интерес за вложување и остварување на профит во општината, а со тоа Општината ќе доживее и поинтензивен стпански развој.

*   *   *



*м-р **Борис Блажевски,***
*Министерство за развој на Р Македонија*

## ПОГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ НА СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО РАЗВОЈОТ

Во рефератите подготвени за овој научен собир, се добива впечаток дека недоволно внимание е посветено на можностите за користење на странски капитал, а особено на странските директни инвестиции за развој на општина Македонски Брод. Веројатно тоа е сторено поради скромното ниво на странските директни инвестиции на ниво на земјата во изминатиот период од нејзиното осамостојување.

Согледувањата вршени во Националната стратегија за економскиот развој на Република Македонија укажуваат дека во наредниот период ќе се создаваат поволни услови за поголем прилив на странски директни инвестиции и тие ќе имаат значајно влијание врз обемот на инвестициите и развојот. Големото значење на директните странски инвестиции на развојот го потврдува искуството на повеќе земји во транзиција, а особено на Унгарија, Естонија и Чешка.

Врз зголемениот прилив на директните странски инвестиции ќе влијае: разрешувањето на проблемите во одделни кризни подрачја на поширокиот регион; зголемениот кредибилитет на земјата; либералната политика во овој домен; стабилноста на цените и на девизниот курс на денарот; евтината квалифику-

вана работна сила; стимулативните системски решенија и мерките на макроекономската политика.

Врз овие претпоставки е оценето дека приливот на странските директни инвестиции во земјата во следните пет години би можел да изнесува околу 100 милиони долари просечно годишно. Со ова, тие би учествувале во бруто домашниот производ со околу 2,5% спрема 0,2% колку што изнесува во 1996 година. Ова, без сомнение е крупна задача која ќе бара комплексни мерки и активности за нејзина реализација.

Привлекувањето на директните странски инвестиции ќе биде во функција на поддржување на глобалните структурни приспособувања и остварување на стабилен и континуиран растеж и развој на земјата. Ова ќе се остварува врз програмски пристап на поодделни проекти кои почитувајќи ги критериумите на пазарната економија ќе ги има предвид и секторско-регионалните аспекти на развојната и макроекономската политика.

Странските директни инвестиции се очекува да се остваруваат преку процесот на приватизацијата, со формирање на нови производни капацитети и капацитети за вршење услуги, потоа со заеднички вложувања на домашни лица, со давање концесии за користење на одредени природни добра и по други основи.

Странските директни инвестиции се очекува да се остваруваат на поширокиот простор на земјата. Врз ова ќе делува заокружениот пазарно ориентиран стопански систем, изграденоста на стопанската инфраструктура, идната производна ориентација, развојот на мали и средни претпријатија, регионалната политика, а особено политиката на поддржување на развојот на стопански недоволно развиените краишта.

Производната ориентација во наредниот период ќе се остварува кон развој на сите делови на земјата, а во тие рамки и на општина Македонски Брод, со тоа



што развојот ќе биде насочен кон натамошна современа индустријализирана економија со витален сектор на услугите и високо продуктивно земјоделство.

Развојот и порационалната разместеност ќе се остваруваат со ревитализација на постојните капацитети, со нови инвестиции во технолошки флексибилни и пропулзивни дејности и со поинтензивен развој на малото стопанство. Во Националната стратегија за економскиот развој на Република Македонија е предвидено развојот на индустријата да се остварува со поголема застапеност на електрониката, електроиндустријата, металопреработувачката индустрија, индустријата за потребите на домаќинството. Ќе се задржи високата застапеност на комплексот на текстил и кожа, како и преработката на земјоделски производи.

Интензивен развој се предвидува особено на малото стопанство. Тоа со својата разновидност и диверзификација ќе стане клучен елемент за производствено преструктуирање и рационално разместување на капацитетите. Овие претпријатија ќе се развиваат во сите области каде што организираноста на производството, или пазарот бара мали високопродуктивни серии.

Во земјоделството приоритет ќе се даде на оптималното искористување на земјишниот фонд, поголема застапеност на индустриските култури, а особено на производите од сточарството.

Процесот на транзиција создава услови за експанзија на услужниот сектор. Модернизацијата и натамошниот развој на овој сектор кој создава спектар за вршење услуги е предизвик за сите делови на земјата.

Ваквата производна ориентација не бара големи и изобилни природни ресурси, масовен превоз и големи инвестиции, туку е условена од креативноста на кадрите, развојот на претприемништвото, менаџер-

ството, маркетингот, соработката со домашните, а особено со странските фирми реномирани во светот.

Иницијативите на странските лица за инвестиции ќе бидат поддржани со развојната политика и политиката за развој на стопански недоволно развиените краишта, Во врска со стимулативните мерки на оваа политика во тек е подготвување на научен проект чии решенија ќе се вградат во соодветни закони и акти, а ќе се применуваат во наредните пет години. Ова го нагласувам со цел да ја истакнам актуелноста на овој научен собир од кој ќе произлезат многу корисни предлози и иницијативи за изградување на ефикасен систем и политика на поддршка на стопански недоволно развиените подрачја во земјата.

Со склучувањето договори за слободна трговија со соседните земји и земјите во блиското соседство се проширува пазарот, а со тоа се зголемува интересот на странските лица за инвестирање во земјата. Досега вакви договори се склучени со СР Југославија, Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина, а се покренати иницијативи за склучување на вакви договори со Бугарија, Албанија и Романија. Присутен е интерес за склучување спогодби за слободна трговија со ЕФТА и Руската Федерација.

Во наредниот период се очекува Република Македонија да биде примена во Светската трговска организација, да остварува поголема соработка со земјите на Европската Унија и други економски интеграции и поодделни земји во светот, како и со меѓународни организации со што ќе се подигне рејтингот за соработка и инвестирање во замјата.

Врз основа на општите услови и можности кои ќе се создаваат се очекува интересот на странските лица за инвестирање во нашата земја да бележи тренд на постојан пораст и да биде сé повеќе насочен во доменот на производството за задоволување на



потребите на локалниот пазар, увоз во својата земја, или извоз во трети земји.

Основни носители на развојот во сите делови на земјата ќе бидат стопанските субјекти. Ова секако се однесува и на Македонски Брод. Нивните иницијативи и активности ќе придонесат и за поголемо привлекување на странските директни инвестиции.

За зголемување на иницијативите на стопанските субјекти ќе придонесува примената на либерално-пазарно-ориентираниот стопански систем кој овозможува разновидни облици на организираност на производството во сите домени на активноста, пазарно вреднување на капиталот, знаењето, иноваторството и менаџерството.

За поголем прилив на странските директни инвестиции ќе се создаваат претпоставки за порамномерно разместување на производните капацитети со оптимално планирање и уредување на просторот, покривање на поширокиот простор со инфраструктурни и други услови неопходни за работење на капацитетите и за изедначување на условите за живеење на населението.

За порамномерна разместеност на производните и услужните капацитети во просторниот план на Република Македонија тежишно место се очекува да се даде на полицентрично разместување на капацитетите со развој на поголем број центри согласно компаративните предности. Овие центри би требало да бидат разместени на поширокото подрачје на земјата, а првенствено во близината на средните и помалите градови потоа во руралните центри и одредени селски населби. Во урбанистичките планови на градовите и населените места, а во тие рамки и на Македонски Брод, посебно внимание треба да се посвети на локациите за развој на малото стопанство со цел да се задоволуваат потребите на стопанството и населени-

ето водејќи сметка за одржувањето на човековата средина.

Врз овие основи со просторната политика како интегрална компонента на стратегијата на вкупниот развој ќе се создаваат услови за порамномерен развој на одделни подрачја, региони и земјата гледано во целина што ќе има повратно дејство за зголемување на економските ефекти на стопанскиот растеж и развој.

Резимирано, може да се нагласи дека во наредниот период ќе се создаваат поволни услови за поголем прилив на странски директни инвестиции на поширок простор на земјата. Согледувањата покажуваат дека постојат реални услови и можности за ова. Со поголема организираност на стопанските субјекти и со поддршка на развојната и регионалната политика овие можности треба и мора сѐ повеќе да се користат во функција на поддршка на структурните промени и остварување на поефикасен развој на земјата.

*   *   *



*м-р **Љерка Тот- Наумова**,*
*ОХИС - Скопје*

## ОД ИДЕЈА ДО ИНВЕСТИЦИСКА ОДЛУКА

Светските искуства и испитувањата на економската наука недвосмислено потврдуваат дека нема стабилен и квалитетен стопански развој без позначајно присуство на малите претпријатија во стопанската структура на секоја земја поодделно. Малите бизниси по својата бројност се најзастапени во сопственичката структура на земјите во развиено пазарно стопанство. Тие го сочинуваат т.н. конкурентен сектор на сопственост - индивидуална приватна сопственост со претприемничко управување и се распостранети во сите сектори на стопанисувањето.

Пазарната економија е фокусирана врз малите бизниси и за нив се вели дека се "рбет" на претприемништвото, "расадник" на идни менаџери и истражувачки проекти. Започнатите структурни реформи во стопанството на Република Македонија обврзуваат нов програмски и долгорочен развоен пристап како излез од наталожените и длабоки проблеми со вработувањето, дезинвестирањето и стопанската стагнација. Во тој контекст мошне важно место им се дава на малите и средните претпријатија.

Интересот за малиот бизнис се зголемува и енормно се проширува кај нас последните неколку години и дава огромен придонес во доменот на вра-

ботувањето. Тие стануваат клучни носители на промени и даваат решавачки придонес за оживување на циклусот на развој. Визијата е носечка сила која ги остварува нештата во малите претпријатија со воспоставување на креативна тензија. Креативната тензија обезбедува енергија која предизвикува иновации и промени меѓу тековната ситуација и посакуваната идна состојба.

Виталноста, флексибилноста и успешноста на малите бизниси тесно е врзана со креативноста и водечката иницијатива.

Концепциите се најпрвин на ШТО, а не на КАКО. Клучниот фокус на бизнисот е врз кои производи и пазари треба да се сконцетрираат? Основното во овој вид е најкреативниот чекор - појдовна, претприемничка идеја. На луѓето, по правило, не им недостасуваат претприемнички идеи. Она што особено недостасува се методите на селекција на интересните и перспективните идеи и на нивните носители. Се отвора нов предизвик - приватна иницијатива, трагање и изнаоѓање нови комбинации на факторите, изнаоѓање на нешто ново каде што профитот не е само мотив за стопанисувањето, туку и критериум, мерка за успешност.

Финансирањето секогаш има посебна специфична економска тежина за реализација на претприемничката идеја, но недостигот на капитал за финансирање не претставува еден од најзначајните лимитирачки фактори за развој. Важно е: како да се подготви квалитетна инвестициска одлука - избор на успешен проект, со доволно високи приноси, бидејќи инвестирањето претставува размена на нешто што го имаме во сегашноста, за надежта што би ја очекувале во иднината. Но, тоа не е еквивалентна размена.

Релативно поголем е недостигот од добри проекти, отколку од финансиски средства. Вреди да се напомене "Подобро кон целите, отколку кон средствата". Инвестициското одлучување, како што е познато, поради изразената неизвесност за настанување на проектираните настани во иднината и поради разните ризици, претставува најсложен проблем во деловното одлучување. Основен елемент за донесување на инвестициската одлука е инвестицискиот проект - најзначајниот елаборат во целата документациона основа, или систем од програмски активности кои ги презема инвеститорот, на определен простор во определено време со одредени услови и претпоставки за реализација и остварување на програмираните ефекти. Инвестициската одлука, како најсложен и најтежок вид на одлучување е судбина на проектот, комплекс на прашања и пресметки на сложени методолошки пристапи.

Инвестициската подготовка ја сочинуваат сите програмски, планерски, истражувачки и проектантски активности. Таа почнува со обработка на идејата за инвестирање. Како резултат на долгото следење, набљудувачки статус, следува селекција на информациите за клучните параметри: проценка на потребниот износ на инвестиции и на можноста за обезбедување извори; проценка на пласмани; производствено-техничката концепција; економско-финансиска анализа и оценка на финасиската ефикасност; проекција за идната финансиска ситуација и проекција за кеш-флоу текови.

Од резултатите на овие оценки зависи дали ќе се прифати, или отфрли инвестициската одлука. Бидејќи преку оваа анализа инвеститорот ги согледува проектираните економско-финансиски ефекти од проектот, добива одговор на прашањето "дали би направил успешна размена на вложениот капитал со очекуваните ефекти во иднина". Интуицијата е добар, но веќе недоволен елемент за донесување на инвести-

циската одлука. Најтесно е поврзана со системот на образованието на претприемачот.

Во средиштето, како носител на одлучувањето е претприемачот - клучен носител на промени, убеден во неминовноста на промените, настојувајќи низ апликација на промените да се стекне со нови предности за бизнис. Тој како учесник во инвестицискиот процес е примарен фактор во определување на степенот на успешност или клуч за успех во бизнисот. Значи, иднината им припаѓа на луѓето со претприемачки идеи.

* * *



*д-р **Агис Шајноски**,*
*Факултет за безбедност - Скопје*

## ПРЕЧКИ НА ПАТОТ ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Нема сомневање дека материјалите за овој собир се сеопфатни, со многу детални информации.Тие се добра основа за подготвување на оперативна развојна програма. Добро е согледано дека шансите за развој на Македонски Брод се во ревитализацијата на постојните капацитети и во изградбата на нови мали и средни претпријатија. Но, врз што да се стави акцент?

Ова прашање произлегува од фактот што можностите за развој на новите капацитети се во истите дејности за кои веќе постојат капацитети, но кои не се користат доволно. Иако на подолг рок гледано овие можности се комплементарни (не станува збор за заострување на конкуренцијата на постојните, туку само за зголемување на производството од тој регион, бидејќи и старите и новите мора да се борат на поширокиот домашен и странски пазар) потребно е да се согледа кој пристап на покус рок ќе даде поголеми материјално - финансиски ефекти и ефекти во вработувањето.

Готовите капацитети (иако со застарена опрема) и искусната работна сила упатуваат на заклучок дека ефектите би биле поповолни преку ревитали-

зација на постојните капацитети. Меѓутоа, постојат бројни пречки таквите предности да дојдат до израз. Ревитализацијата е невозможна во претпријатијата што (независно од кои причини) ја немаат завршено сопственичката трансформација. Во голема мера е отежната во претпријатијата во кои таа е завршена од страна на вработените, или од менаџерските тимови поради нивната исцрпеност со откупот на претпријатијата и неможноста да дојдат до средства неопходни за реконструкција, модернизација и трајни обртни средства.

Во горниот контекст интересна е појавата на страв од сопственичка трансформација во стечај. Факт е дека сопственичката трансформација се забавува затоа што вработените, поради кризната состојба во претпријатието, не се заинтересирани да се докрајчи овој процес и по цена на подолгорочна агонија. Меѓутоа, агонијата може да се прекрати само со ефикасно поведување и завршување на стечајните постапки. Сакале да признаеме или не, тоа е најболно, но, сепак, вистинско решение. Тоа е соочување со вистината за ефектите од досегашниот начин на работење, но тоа отвора и перспектива за подинамичен развој, бидејќи со трансформацијата во стечај се симнува оловото (долговите) од нозете и трката за нови вредности и профит може да почне. А ослободувањето од вишокот вработени е само привремено решение, бидејќи борбата за профит повторно ќе ги врати во постојните капацитети и ќе почне да се зголемува вработеноста.

Загрижува и ригидноста на новите сопственици кон нови промени на сопственичката структура особено преку дополнителни вложувања. Нема сомневање дека тоа во наредниот период ќе биде еден од позначајните методи за реконструкција и модернизација на постојните капацитети. Меѓутоа, мора да се прекрши во свеста на одделни "менаџери" дека не е најбитна



доминацијата во сопственичката структура на капиталот во претпријатијата, туку колку тие се во состојба да создаваат нови вредности и поголем профит. Со дополнителните вложувања ќе се промени сопственичката структура во полза на новите вложувачи (согласно големината на влогот), но ќе се создадат услови за поконкурентно производство, поголема добивка, поголеми плати и акумулација за иден развој.

Неопходно е да се менува и односот кон способните раководни кадри. Без добро мотивирани менаџери тешко ќе се направи позабележителен пресврт во работењето во многу претпријатија. Новите сопственици во улога на менаџери сè уште се немаат соживеано со својата улога и на сопственик, со интересот и неизбежноста постојано да го зголемуваат своето богатство. Многу од нив сè уште наоѓаат поголем сопствен интерес во ефектите од различни малверзации отколку од успешноста во работењето и порастот на добивката од легално работење. Од оваа позиција, кај нас, сопственикот сè уште "не прозборел". Ретко може да се чуе дека некој менаџер има пристојна плата и учество во добивката што ќе ја оствари се додека нема вистински сопственици, нема ниту клима за менаџерство. Кај нас само кризни ситуации ги исфрлаат на површина потребите за менаџери. Време е да ја надитриме ситуацијата, новите газди да пропаѓаат поради неразбирањето на потребата за наградување на способните раководни кадри. Во светот има доволно искуства за тоа. Не мораме сè да искусиме врз сопствената кожа. Излезот од кризата во развојот битно зависи од способноста на раководните кадри, а тие максимално се ангажираат доколку се добро мотивирани со плата (за да не се ангажираат на дополнителна работа) и учество во добивката (за да не се занимаваат со малверзации со цел да го наплатат својот висококвалификуван труд).



Friedrich-Ebert-Stiftung Bonn * Bibliothek *

*д-р* ***Божидар Герамитчиоски,***
*Економски факултет - Прилеп*
***Мирослав Гвероски,*** *пом. ас.*
*Економски факултет - Прилеп*

# ОРИГИНАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИСКИ ИДЕИ - ПОГОДНОСТ ЗА МАЛИТЕ БИЗНИСИ И САМОВРАБОТУВАЊЕТО

Последниве две децении од нашиот век особено се карактеризираат со големи промени во стопанската структура, најпрвин кај развиените пазарни економии што потоа се рефлектира и врз стопанскиот амбиент кај поранешните социјалистички земји, а сега земји во транзиција, и, секако, во нашата земја. Една од подрастичните промени е и јакнењето на слободата на претприемничката активност и малиот бизнис, како и поголемото процентуално учество на малите и средните претпријатија во националните економии. Овие промени настанале, пред сè, како резултат на предностите на малиот бизнис за решавање на денес најприсутниот економско-социјален проблем - невработеноста, во создавањето поволен амбиент за развој на пазарната економија, особено во земјите во транзиција и во прифаќањето на последните творби на научно-техничкиот прогрес. Благодарение на тие карактеристики, малиот бизнис добива сè поголема афирмација и во Република Македонија што особено е значајно за помалите неразвиени општини. Придонесот е во отво-



рањето нови работни места, рационалното искористување на расположливите ресурси, активирањето на засега неактивираниот капитал кај населението, што треба да придонесе за еден комплексен економски развој на општините, каква што е Македонски Брод, на пример.

Овде особено може да се стави акцент на еден важен аспект што го создава развојот на малиот бизнис, а напоредно со него и вработувањето. Тоа е самовработувањето. Впрочем, секој човек барем еднаш во својот живот помислил и добил идеја сам да започне некоја работа, да си ја провери својата способност во бизнисот, да ја испроба среќата, односно кај секој некогаш се јавиле амбиции како резултат на сопствените заслуги да оствари определени резултати и да добие поголем профит. Всушност, кај секој менаџер понекогаш се јавува идејата да стане претприемач, со што ќе дојдат до целосен израз неговата внатрешна енергија и способности, умешноста и креативноста на неговиот дух. Зафаќањето со активностите во малиот бизнис носи големи тешкотии и проблеми при нивното реализирање. Првите години на бизнисот претставуваат вистински пекол за "новопечените" бизнисмени кои треба да вложат огромен напор за да издржат и да не се откажат уште во проблематичниот почеток, односно од тој период да се излезе како победник, а не како поразен. Да се преживее без последици тој период е вистински успех, бидејќи навлегувањето во бизнисот бара солидни познавања од повеќе области (маркетинг, менаџмент, инвестиции и др.), за што потенцијалните бизнисмени на овие простори треба да направат посебни напори да се стекнат со такви сознанија и истите да ги аплицираат во своите активности. Еден од најдрастичните проблеми со кои се среќаваат малите бизниси денес, секако, е проблемот со обезбедувањето парични средства за финансирање на нивните

инвестиции. Овој проблем, пред сè, е резултат на недарежливоста на изворите за финансирање на инвестициите, ниската акумулативност на стопанството, занемарливото штедење, кредитите со неповолни услови, како и странските кредити за кои се смета дека се даваат за "џабе", но и тоа за нашите бизнисмени е скапо и неповолно.

Што се однесува до идеите за малите бизниси, практиката покажала дека оргиналните инвестициски идеи полесно се реализираат и тоа без поткрепа од голем капитал. Познато е дека копијата на некоја идеја секогаш е послаба, отколку оргиналната идеја за којашто полесно би се обезбедиле извори за финансирање. За оваа премиса можат да се изнесат неколку вистински примери од стопанската практика што претставуваат патоказ за раѓање, генерирање и реализирање на оригинални идеи и тоа на жени - бизнисмени, за што често постои сомневање дали тие би биле успешни во таа насока. Така, една жена, која со својот маж имале солиден стандард што по извесно време опаднал, дошла на идеја да започне свој сопствен бизнис. Идејата, која потоа прераснала во успешен бизнис, била правење слики од пресувани суви цвеќиња што ги собирала од својата градина. Продажбата толку се зголемила што и мажот ја оставил својата работа и се оддал на овој бизнис, а со тоа подоцна остварувале солиден извоз.

Друга жена дошла на идеја да прави музички кутии во форма на колиба со сламен покрив. Овој бизнис подоцна и носел годишен приход од милион фунти. Водејќи се од успешноста на бизнисот, нејзиниот маж, кој бил генерален директор во некоја текстилна фирма, ја оставил работата и ѝ се придружил.

Вештината во работата со игла и помогнала на една жена да ја искористи во својот бизнис, така што



основала компанија во која се произведувале соодветни производи: перничиња, облека, кошници и други производи за домашните љубимци.

Компанијата на семејството Браун била препознатлива со специјално облечените и забележителните работници кои, возејќи велосипед по споредните улици, разнесувале сендвичи приготвени од природна храна.

Други примери за специфичноста на инвестициските идеи се претворањето на една ковачка работилница во фабрика за спирални скали, правењето пиедестал од пердуви од тетреб и други, што се покажале како генијални идеи.

Овие примери покажуваат дека во развојот на малите бизниси не треба да се копира од другите општини, пред сè, од соседните, бидејќи тогаш тие би си конкурирале меѓу себе и ниту една не би ја работела работата со забележителен успех.

Меѓутоа, еве и неколку вистински примери од нашата стопанска практика: во едно македонско село, полунаселено, со идеална природна околина и создадена определена инфраструктура за обезбедување електрична енергија, вода, телефон, одвод и сл., на една микро локација од 7 хектари не се дозволува изградба на фарма за 20 крави, иако би се карактеризирала со најнова технологија и услови за комплетирање финални производи. За изградба на оваа фарма биле консултирани агрономи, градежници, ветеринари, стручњаци по екологија и сите тие даваат поволна оценка. Сепак, надлежните органи и покрај сè не давале одобрение за градење, водејќи се од причината за нацртаните планирани контури за изградба на населба на таа локација. Примерите во светот, пак, покажуваат дека и во центрите на големите градови се градат современи фарми. Друг пример е и случајот, со производството на млеко во еден град каде што не

се обезбедува никаква заштита на активностите на таквото производство.

Република Македонија, како мал економски простор со сопствено општествено-економско, политичко и меѓународно окружување, сè уште нема создадено комплексен квалитетен правно-економски амбиент за појава и развој на претприемништвото и претприемачите кои би го развиле малиот бизнис. Така, во овој транзиционен период, во функција на претходното, се надевам дека во блиска иднина тој ќе се облагороди за што треба да се обезбедат следниве сегменти:

- пазарна економија со поголем квалитет, квантитет и асортиман на производство, а во тие услови и коректна конкуренција;
- увоз-извоз, протек на стоки, капитал, работна сила, научно-технички прогрес и сл.;
- определување на носителите на сопственоста;
- враќање на довербата кај штедачите, за активирање на "парите под перница";
- релаксирање на условите за одобрување кредитни пласмани;
- социјално згрижување на вработените;
- смислено ангажирање на државната сила;
- надворешни финансиски приливи итн.

Ваквиот амбиент, компактибилен на оној во развиените економии, треба да претставува поголема шанса за малиот бизнис (но не во трговијата) кој преку оригинални идеи ќе ги реализира сите предности со кои располага и конечно ќе придонесе за севкупниот економски развој на малите и неразвиени општини, односно за решавање на проблемот со невработеноста.

* * *



*д-р* ***Шабан Превала,***
*Народна банка на Република Македонија*

## РАЗВОЈНИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ, МАЛИТЕ БИЗНИСИ И ВРАБОТУВАЊЕТО ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Во подготвениот материјал за овој Собир се лоцирани пунктовите за развој. Притоа, сметаме дека се дадени реални насоки.

Би сакале да констатираме дека Република Македонија навистина има реални развојни перспективи, а во тој контекст и малиот и средниот бизнис можат да си го најдат своето место. Остварувањето на макро и микро развојните цели, се разбира дека позитивно ќе се одрази и врз вработувањето, воопшто, и во општина Македонски Брод, посебно.

Да потсетиме дека во изминатиот повоен период имавме години со високи стапки на пораст што со право од еден наш колега се нарекуваат светли години. Меѓутоа, последниве 10-15 години стагниравме и имавме евидентен пад. Истовремено, се соочувавме и со високи стапки на инфлација како последица на намалената понуда и се поизразената агрегатна побарувачка.

Транзиционот период карактеристичен со определба за пазарно стопанство, приватна сопственост, отвори широк простор за менување на состојбите. Ова посебно дојде до израз по монетарното

осамостојување на Македонија (1992 година). Тогаш настапија серија стабилизациски мерки како услов за остварување на развојната политика. Резултатот на тоа е соборувањето на стапката на инфлација од околу 2000 % (1992 година) на 2-3% на крајот на 1997 година.

Во меѓувреме успешно тече процесот на приватизацијата и регистрирањето на се поголем број на нови претпријатија. Напоредно со ова растат индустриското производство, прометот и другите стопански активности.

Со осамостојувањето на Република Македонија објективно се наметнува потребата од супституирање на многу производи што порано се обезбедуваа од поранешните југословенски републики. Ова дотолку повеќе што, ако се продолжи со нивното обезбедување како порано, тоа ќе значи нов увоз. Тоа е причина не само Македонски Брод туку и многу други помалку развиени општини да стартираат со мали, или средни бизниси преку кои ќе се овозможи и супституција на увозот од наведените подрачја и вработување на нови лица.

За реализација на нови зафати нужно е мобилизирање на слободните средства на населението преку заеднички вложувања, или врз акционерска основа, како и преку користење на банкарски кредити. Во функција на тоа стои на располагање и посебна агенција, која пласира странски капитал под мошне поволни услови. Полибералната монетарно-кредитната политика, исто така, може да оди во прилог на малиот и средниот бизнис во оваа општина.

На крајот, да додадеме дека за остварувањето на овие и сличните цели, покрај регионалната стопанска комора, можат да помогнат и деловните клубови што би се основале во секоја општина.

*   *   *



***Љубиша Николовски,***

*Национална агенција за развој на мали и средни претпријатија (НЕПА)*

## УЛОГА НА НЕПА ВО РАЗВОЈОТ НА МАЛИОТ БИЗНИС

Националната Агенција за развој на мали и средни претпријатија е формирана со цел да се обезбеди организирана, институционализирана поддршка за развој на секторот на малите и средните претпријатија (МСП) во Република Македонија. Нејзина постојана задача е да обезбедува услови за континуиран развој на МСП.

Првенствена задача на Агенцијата е да развива широк спектар услуги за претприемачите со што ќе бидат поддржани во намерата да основаат и да ги развиваат малите бизниси, со особен акцент врз деловното планирање, менаџмент на производство, идентификација на пазарите, ефикасна контрола на трошоците, цени, но и олеснет пристап до финансиски податоци и деловни информации за потребите на бизнисот.

Поради потребата да се идентификуваат и развиваат видовите услуги за претприемачите, во Националната Агенција за развој на мали и средни претпријатија беше изготвена студија за економското опкружување во Република Македонија со која се утврдија и анализираа главните трендови на економската активност и проблемите со кои се соочува секторот на МСП.

Истражувањата од овој вид што ќе се вршат во Агенцијата и во иднина, ќе нудат конкретни препораки и предлози за подобрување на развојната стратегија за секторот и ќе посочуваат мерки за отстранување на пречките за развој на МСП.

Програмата за развој на малите и средните претпријатија предвидува формирање на неколку Регионални центри за поддршка на претпријатијата. За претпријатијата да станат конкурентни и да се оспособат за квалитетно производство со ориентација кон надворешните пазари, постои потреба тие непосредно да се поддржат во подобрувањето на менаџментот, маркетингот, во иновирањето на постојните и воведувањето на нови, модерни технологии. Со целосна стручна поддршка во делот на услугите од страна на Националната Агенција за развој на МСП, Регионалните центри треба да остваруваат и обука на претприемачите заради унапредување и развивање на потенцијалите во секторот. Од причина што за ефикасното работење на Регионалните центри за поддршка на претпријатијата потребно е тие да се основаат во региони каде што би се обезбедила најефикасна дисперзија на услугите преку деловно советување на претприемачите и МСП, Агенцијата презема истражување на потенцијалите на регионите и утврдување на регионалниот профил на претпријатијата. Во моментот во тек е финализација на активностите за регионална студија, по што се очекува да се укаже на оптималните локации за основање на Регионалните центри за поддршка на претпријатијата.

Во овој момент во Националната агенција за развој на мали и средни претпријатија се разгледуваат веќе доставените деловни планови и претприемачите се советуваат на кој начин можат истите да ги подобрат. Ова од причина што деловното планирање, без оглед дали се однесува на нов претприемач или веќе



постоен бизнис, подразбира воспоставување на специфични цели за претпријатието и одлучување за програмата на активности со која тие ќе се остварат. Тоа претставува одлука за она што претприемачот сака да постигне на долг рок, што може да постигне и на кој начин ќе го постигне тоа. Затоа, нужно е бизнис планот да претставува приказ на секоја активност и функција на претпријатието. Бизнис планот, правилно поставената финансиска проекција и управувањето се од витално значење за ефикасното работење на секое претпријатие.

Микро-кредитната линија е воспоставена од средства на Програмата ФАРЕ, во вкупен износ од 5,1 милион ECU, а ќе се реализира во три транши од кои првата изнесува 1,1 милиони ECU. Кредитната линија е дизајнирана со цел да се помогне на малите бизниси да ги надминат тешкотиите во обезбедувањето на финансиски средства за развој на бизнисот. Микро-кредитната линија ќе се реализира преку комерцијалните банки што ќе склучат договори со Националната агенција за развој на мали и средни претпријатија, а клиентот самиот ќе ја избира банката до која ќе го достави барањето за кредит. Ова значи дека ќе учествуваат повеќе банки низ конкурентски односи. Банките ќе разгледуваат и оценуваат само молби за кредит од претприемачите и претпријатијата чии бизнис планови се изготвени врз основа на претходно извршено деловно советување и се препорачани од Националната агенција за развој на мали и средни претпријатија или од неа овластени Регионални центри за поддршка на претпријатијата. Во досегашните разговори банките искажаа сериозен интерес и подготвеност да учествуваат во реализацијата на оваа кредитна линија.

Микро-кредитите ќе можат да ги користат сите мали и средни претпријатија што се занимаваат со преработка на земјоделски производи, компјутери,

телекомуникации и електроника, пакување, лесна индустрија, туризам, занаетчиство и услуги за производството, врз основа на претходно извршените консултации и деловно советување со Националната агенција за развој на мали и средни претпријатија. Претпријатијата што вршат трговска дејност или продажба на мало се исклучени и тие нема да бидат поддржани. Кредитите се наменети за купување на опрема или машини, но по исклучок, со одобрување од страна на Националната агенција за развој на мали и средни претпрјатија, банката може да дозволи најмногу 10% од вкупната сума на кредитот да се наменат за работен капитал. Максималната сума на кредитот изнесува 1.200.000 денари (еквивалент на 20.000 ECU), со максимален "грејс" период до 6 месеци, а сопственото учество на клиентот треба да изнесува минимум 20%.

Клиентите што ќе користат кредит од оваа кредитна линија треба да бидат правни лица, односно да имаат регистрирани фирми што не се постари од 5 години, понатаму, нови фирми што стартуваат, фирми со максимум 20 вработени и такви фирми каде што најмалку 51% од вкупната главница е во приватна сопственост. Одлуката за одобрување на кредитот ја донесува банката и таа е должна да го одобри кредитот најдоцна во рок од 4 седмици по доставувањето на барањето. За барањата на овие клиенти чии бизнис планови биле препорачани од Националната Агенција за развој на мали и средни претпријатија, а не се одобрени, банката е должна да ја извести Агенцијата и да даде образложение за тоа.

За претпријатие што бара помош од надвор, деловниот план е најважниот документ за развој. Понатаму, ќе зависи од нив самите да ги убедат банките и другите заинтересирани странки дека имаат комерцијално издржан бизнис, и тоа не само на краток



туку и на долг рок. Затоа бизнис планот мора да биде подготвен со стручна помош што претприемачите и претпријатијата во моментов можат да ја добијат во Националната агенција за развој на мали и средни претпријатија. Впрочем, Националната агенција за развој на мали и средни претпријатија има советодавна функција и нејзина суштинска задача е да обезбедува стручна помош советувајќи ги претприемачите како да изготвуваат квалитетни бизнис планови. Деловниот план служи како основа за натамошни разговори со други институции како што се агенции, банки, инвеститори и слично, но претставува и почетна точка од која може да се мери и ревидира тековното работење на претпријатијата, што ќе овозможи успешно планирање на деловните стратегии за иднината.

Националната агенција за развој на мали и средни претпријатија ја користи оваа можност да ги извести претприемачите и претпријатијата дека почнувајќи од 9 април 1998 година, можат да ги користат услугите на Агенцијата и да побараат совети и стручна помош во просториите на Агенцијата во Деловниот центар ИНТЕКС, на ул. Даме Груев бр.14, I кат, секој работен ден од 11 до 15 часот.

Микро-кредитната линија е создадена со цел да им се олесни на малите претпријатија да добијат кредит за развојни проекти. Банките ќе ги разгледуваат и оценуваат само оние молби за кредит од претприемачите и претпријатијата чии бизнис планови се изготвени како резултат на процедурата за деловно советување во рамки на Агенцијата. Деловните планови што ќе бидат разгледувани во банките треба да бидат препорачани од Националната Агенција за развој на мали и средни претпријатија или од нејзе овластени Регионални центри за поддршка на претпријатија.

**Условите за користење на кредит** ќе зависат од видот и спецификите на секој поединечен проект.

- Максималниот износ на кредитот е 1.200.000 денари (еквивалент на 20.000 ECU);
- Максимален рок на враќање на кредитот е 5 години;
- Максималниот "грејс" период е до 6 месеци;
- Каматата е фиксна и важи за цело време на периодот на отплатата на кредитот;
- Ануитетите се фиксни и се плаќаат во денари;
- Каматата изнесува максимум 3% над објавената есконтна стапка на Народната банка на Република Македонија за период на отплата до 3 години. За периодот на отплата од 3 до 5 години, каматата изнесува максимум 4% над објавената есконтна стапка на НБРМ;
- Сопственото учество на клиентот треба да изнесува минимум 20%.

Кредитите ќе се одобруваат само за купување опрема или машини, но по исклучук, со одобрување од страна на Националната Агенција за развој на мали и средни претпријатија, банката може да дозволи најмногу 10% од вкупната сума на кредитот да се наменат за работен капитал.

Погодни **клиенти за користење на кредит**:

- Исклучително правни лица - регистрирани фирми;
- Фирми што не се постари од 5 години;
- Нови фирми што стартуваат;
- Фирми со максимум 20 вработени;
- Најмалку 51% од вкупната главница на фирмата да е во приватна сопственост и тоа целосно да е исплатена (идеално 100% приватна фирма).



**Дејности** за кои се одобруваат кредити:

- Преработка на земјоделски производи;
- Компјутери, телекомуникации и електроника;
- Пакување;
- Лесна индустрија;
- Туризам;
- Занаетчиство;
- Услуги за производство;

Чисто трговски фирми и фирми што се занимаваат со малопродажба се исклучени.

**Процедура** за добивање кредит:

Клиентот заинтересиран за добивање кредит мора прво да се обрати до Националната Агенција за развој на мали и средни претпријатија или од неа овластени Регионални центри за поддршка на претпријатијата, што ќе му обезбеди на клиентот техничка помош при разработката на проектот и изготвувањето на бизнис планот. Ова значи дека, пред сè, клиентот мора да влезе во процесот на деловно советување во рамките на Агенцијата.

Сепак, конечната одлука за одобрување на кредитот ја донесува банката. Банката е должна да го одобри кредитот најдоцна во рок од 4 седмици. За барањата на клиентите чии бизнис планови биле препорачани од Националната Агенција за развој на мали и средни претпријатија, а не се одобрени, банката е должна да ја извести Агенцијата и да даде образложение за тоа.

Какви **податоци** треба да содржи проектот што се поднесува кај банката?

- Име на фирма, адреса, телефонски број и лице за контакт;
- Име на сопственикот или сопствениците, нивни адреси и структура на сопственоста;

- Правна форма на фирмата (А.Д., Д.О.О. или друго);
- Број на вработени;
- Краток опис на дејноста (вид на бизнисот);
- Искуство и квалификации на сопствениците и на клучните луѓе на фирмата;
- Потреби за посебни дозволи потребни за работењето;
- Кои се вашите советници (адвокат, банка, консултант, центар);
- Личен биланс на средствата и обврски;
- Од каде ќе набавувате суровини и по која цена;
- Краток опис на пазарот на производи или услуги, кои се конкурентите и колкав ќе биде Вашиот дел од пазарот, кои се Вашите силни страни, кои се слабите страни во споредба со конкурентите, кои се идните можности за развој на пазарот и кои се опасностите што можат да го загрозат развојот на бизнисот ;
- Финансиски извештаи што треба да се изготват со проекција за периодот на траење на отплатата на кредитот, и тоа:
- ♦ Биланс на состојба;
- ♦ Биланс на успехот;
- ♦ Извештај за готовинскиот тек.



*Дипл. ек.* ***Столе Лозаноски,***
*Министерство за стопанство,*
*Подрачна единица Македонски Брод*

## СОСТОЈБИ И МОЖНИ ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА СТОПАНСТВОТО ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

До донесувањето на Законот за претпријатија во општина Македонски Брод беа регистрирани 15 производно - трговски претпријатија и работеа 5 работници на поголемите претпријатија од Републиката. Од 1990 година има зголемена динамика за формирање на нови приватни претпријатија кои до крајот на 1997 година изнесуваа 79 претпријатија.

Како што се гледа од регистрацијата на дејноста, застапени се следните дејности: производство на неметални минерали - 1; производство на режана граѓа - 1; производство на финални производи од дрво - 1; производство на облека - 1; производство и преработка на тутун - 1; земјоделство и рибарство - 3; шумарство - 1, а останатите 64 претпријатија се занимаваат со трговија, угостителство и разни услужни дејности. Според големината, претпријатијата во општината може да се поделат на мали и средни.

Вкупниот број на вработени во сите дејности изнесува 1216, во стопанството 892, а од тоа во индустријата 577, а во земјоделството и рибарството 115 лица.

Стопанството во општината веќе подолг период се наоѓа во една потешка состојба. Поради немање на сопствена акумулација, а од друга страна високи каматни стапки на кредитите и ограничена финасиска моќ на банките, немање на развојни програми кај претпријатијата, нема никакви инвестиции и развој во стопанството. Постои застарена опрема и технологија во процесот на производство, поради тоа има низок степен на финализација на производите и се јавува неконкурентност на пазарите. Исто така, се судруваат со проблемот на редовноста на исплатите на платите, неликвидност, недоволна организираност во производството, необученост на менаџерите и слично.

Сето ова влијаеше врз работењето во стопанските субјекти. Поради тоа 6 поголеми претпријатија сè уште се под стечај: "Бушова Чешма" - 48 вработени, МК "Бротчанка" - 194, "Преработка на дрво" - 124, ДОО "Столичара" - 59, Ветеринарна станица - 8, ЗЗ "Пешница" - 120, или вкупен број на стечајни работници 476.

Стечајот кај сите овие претпријатија не е завршен, а производниот процес е воспоставен кај сите овие претпријатија и се повикани дел од стечајните работници.

Бројот на невработените изнесува 1.652 од тоа неквалификувани 537, ПК 481, ССС 300, КВ 290, Више образование 20, Високо образование 24.

Со донесувањето на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал се предвидени неколку модели за извршување на приватизацијата во самите претпријатија. Приватизацијата во општината се врши "од случај на случај". Најголем број се приватизирани по моделот "откуп од страна на вработените". Приватизацијата кај некои претпријатија е во завршна фаза, а кај некои сè уште не е почната.



Перспективите и можностите за развој на стопанството во општината во основа би биле: природните богатства, капиталот и работната сила.

Природните ресурси имаат големо значење за развојот на стопанството, а со тоа и развој на другите дејности. Од анализите и оценките на природните потенцијали што можат да се анализираат за развој се следните: земјоделството, сточарството, шумарството, рударството, рибарството и друго.

Обработливите површини во општината се од мал потенцијал и не овозможуваат интензивен развој на земјоделството, но постојат реални услови за одгледување на индустриски култури (тутун) градинарски култури, развој на овоштарството, плантажно одгледување на малини, капини, рибизли, разни чаеви и др., кои би претставувале производи за храна и суровинска база за преработувачката индустрија, отворање на мали бизниси и работно ангажирање и поголема работна сила.

Пасиштата кои се богати со треви претставуваат битен услов за развој на сточарството. Со поволни кредитни средства наменети за сточарството можат да се изградат мини фарми за одгледување на ситен и крупен добиток и воспоставување на кооперативни односи со индивидуалните сточари и отворање на мини млекарници со кои би се задоволиле потребите за млеко и млечни производи во општината.

Богатството со шуми, даб, бор и постојните изградени дрвно-преработувачки капацитети во општината треба да претставува база за развој на стопанството. Шумските предели се богати со разни шумски плодови, лековити и ароматични билки што даваат услови за организиран откуп и изградба на мали преработувачки објекти за лековити ароматични билки.

Од рудните богатства застапени на подрачјето на општината се неметалите (доломит, мермер, кварц и други). Во оваа област потребен е повисок степен на финализација на производите. Со донесувањето на законите од оваа област ќе се создадат подобри услови за развој на оваа гранка.

Планините, полињата, реките, богатата флора и фауна, ретките видови пештери, разновидниот дивеч овозможуваат развој на стопанскиот ловен и риболовен туризам, развој на излетничкиот здравствен и селски туризам и сл.

Со развојот на овие дејности би се развиле и занаетчиските дејности кои во општината речиси ги нема.

За остварување на овие компаративни предмети во општината потребен е капитал (опрема, технологија и пари).

Знаеме дека во развиените земји постои брз, техничко-технолошки развој, нови познавања и откритија, кои треба постојано да се следат и да се применуваат во процесот на производството.

Заради тоа најповолна варијанта за нас е влез на странски инвеститори и странски физички лица кои би учествувале во претпријатијата на било кој начин (преземање, заеднички вложувања, договори за финансиски производни ангажмани итн.) со што ќе се создадат поволни услови во претпријатијата (свежи средства, нова технологија, нова организација, нови знаења, нови пазари).

Како еден од проблемите за успешно односно неуспешно работење е и ученоста на менаџерите-газдите. Кај менаџерите постои лично водење на бизнисот и сите информации му се достапни на сопственикот, не постои мотивација кај работниците, не ги користи нивните знаења и способности. Ваквите претпријатија брзо пропаѓаат. Заради тоа, потребно е



стручно усовршување преку курсеви, семинари, предавања, носење на бизнисмени во претпријатијата за добивање советите и знаења. Клучен и основен фактор за успешно работење е човекот.

*   *   *

***Рате Савев**, професор*
*УЦСО "Св. Наум Охридски" Македонски Брод*

## ЕКОЛОГИЈАТА И РАЗВОЈОТ НА МАКЕДОНСКИ БРОД

На почеток ќе се послужам со една реченица на д-р Весна Стојанова: "Конечно крајно време е општина Македонски Брод да ја земе судбината во свои раце и сите нејзини жители, предводени од раководството во рамките на локалната самоуправа, да се ангажираат во процесот на нејзиното стопанско заживување и растеж".

Разгледувајќи го материјалот за "Развојните перспективи, малите бизниси и вработувањето во општина Македонски Брод", си го поставив прашањето: Дали може ова да биде реалност? И до колку ова се оствари, тогаш? Ние би биле втора Швајцарија.

Шансите се пред нас и треба да ги искористиме! Оптимистички мора да го прифатиме она што ни се нуди, а како фактор за остварување на истата се човекот и инвестициските можности.

Во оваа студија мора да се согледува и другата страна - еколошката. Зошто? Затоа што во овој момент можеме да се пофалиме само со природните ресурси кои ги имаме.

Јас би се задржал на она што често во искажувањата се споменуваше, здрава еколошка храна и животен простор со природата. Посебно ќе нагласам



во делот на земјоделство, рибарството, шумарството, угостителството и туризмот.

Ние **прво** мора да го прифатиме концептот на одржлив развој на Р Македонија, а кој треба посебно да се почитува во овој регион, зашто го сметаме за сѐ уште чист. Мораме прво да изградиме стратегија за прифатлив развој и да се зачува животниот простор од деградација на исцрпување.

Во овој случај, нормално е да се постави и прашањето: дали и натаму Македонија ќе биде извозник на своите суровини кон запад и производител на базични, металуршки и хемиски производи, а увозник на готови земјоделски производи?

Сметам дека на овој простор имаме идеален услов за развивање на земјоделството, а со тоа и производство на здрава храна. За пример ќе го земам Тајмиште - Кичево кој има прекрасен проект и кој може да се искористи и во нашиот регион.

Имаме и воден потенцијал (речен, изворски, а во иднина и езерски) кој треба да се заштити ако сакаме да имаме здрава храна и чиста вода. Предлагам, приоритетно да се изградат колектори и пречистителни станици во Македонски Брод, а и на други места каде што има директно вклучување на отпадни води во реката Треска, а сакале или не, мора да признаеме дека таа почнува да се загадува. Тоа треба да го потврдат стручните служби за да се знае степенот на загаденост. Но, сѐ уште постои шанса да се спаси!

**Второ**. Веќе слушнавме со какво шумско богатство располага овој регион и кои перспективи ги нуди за развој.

И тука мораме да бидеме претпазливи, особено од нерационално сечење, уништување од пожари и незаштитеност. Многу држави бараат увоз на дрво за да го заштитат својот шумски фонд, а ние правиме

обратно. Постои една девиза: “Ако сакаш да уништиш еден народ, уништи му ги шумите”. Мислам овде е се кажано, а сега останува ние да размислуваме за идните програми на овој план.

**Трето**. Големи потенцијални можности во нашата општина постојат во развојот на туризмот.

Во студијата се споменува дека “подрачјето на општината се карактеризира со висок степен на еколошка незагаденост и природни убавини”. Се согласувам со предложените туристички можности, како: ловниот и риболовниот, летниот и зимскиот спортски туризам, кајакарството и излетничкиот туризам.

Во општината можат да се создадат услови и за уредување на атрактивни места како што се пештерите во кои постојат прекрасни природни реткости и ќе служат за примамливост на туристи како од нашата земја, така и од други земји. Но, тука ќе укажам на една голема грешка и барам ова да се прифати како сугестија. Да не правиме грешки кои досега сме ги правеле.

Во студијата се предлага: изградба на индустриски објекти, мали претпријатија, фарми, мелници, текстилни погони, магацини и сл. Локалните власти и сите ние мора да водиме сметка: каде ќе се градат тие.

Ќе наведам очевиден пример: Денеска се наоѓаме во рекреативниот центар Пешна. Тука во близината се наоѓа една пештера која е со најголем отвор на балканот, потенцијална туристичка атракција. А, што сме направиле ние? Сме направиле магацин пред самата пештера, па дури и бензинска пумпа со што сме го нарушиле природниот амбиент. Затоа мора да се внимава: Како и каде се градат објектите, т.е. каде треба да бидат локациите за тие објекти. Да не дозволиме едно да градиме, друго да уништуваме, а посебно природата, зашто од нашиот однос спрема



природата ќе зависи судбината на нашиот живот и животот на нашите генерации.

Сметам дека транзицијата на стопанството во нови политички и економски услови може да биде поволна за нашата иднина, само ако го воведеме концептот на одржлив развој. Тој поставува ограничувања во користењето на животниот простор за сите необновливи и обновливи суровини, потрошувачка на енергија, земјиште, шуми и.т.н.

Со добра проценка на капацитетот на животниот простор, со воведување еколошки критериуми, екологизација на производството, енергијата, земјоделството, трговијата, сообраќајот, туризмот и сл. граѓаните од овој регион ќе го унапредуваат своето живеење без големи негативни последици за идните генерации.

Тоа треба да ги разбуди и да ги хуманизира односите, солидарноста и подобрувањето на односите за одржување на здрава животна средина на населението.

За крај ќе предложам: Во согласност со Националната еколошка акциона програма (НЕАП), а во составот на студијата да се изработи Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) во кој треба да се истакне следното: територијалност, релјефни, хидрографски и сообраќајни карактеристики, стопански карактеристики (индустрија, земјоделство, сточарско производство и др., а што веќе го има во студијата), водоснабдување, урбана средина, шумски комплекси, сточарски фарми, деградациони процеси во природата, заштитени делови на природата, мерки за подобрување на состојбите, инвестициони зафати, информирање и други организациони прашања и активности. Доколку го имаме ова, мислам ќе може плански да се реализира оваа предложена студија за развој на нашата општина.

*Проф. д-р* ***Никола Ацковски,***
*Факултет за туризам и угостителство - Охрид*

# РАЗВОЈОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
## - Состојба и перспектива -

## 1. Вовед

Општина Македонски Брод (според старата територијална поделба кога територијата на Македонија се делеше на 34 општини) меѓу другите општини се граничи и со скопската општина Кисела Вода.

Меѓутоа, поради неразвиената сообраќајна поврзаност на оваа општина, жителите од општина Македонски Брод, во Скопје најчесто патуваат, а и вишокот на производи го пласираат поминувајќи релативно подолг пат преку општините Кичево, Гостивар и Тетово. На тој начин населението од општина Македонски Брод неоправдано се изложува на релативно високи трошоци, за свое лично патување, односно за превоз на вишокот, пред сè, на земјоделски производи .

Во понатамошното излагање накусо ќе се задржиме на состојбата и перспективата на општина Македонски Брод.

## 2. Состојба

Општина Македонски Брод се граничи со поранешните општини Кисела Вода, Гостивар, Кичево,



Крушево, Прилеп и Велес. Општина Македонски Брод претставува најретко населена општина во Македонија. Имено, таа зафаќа површина од 933 км² со вкупно население од околу 11.000 жители (според пописот од 20.06.1994 година таа брои 11.022 жители), така што на површина од еден квадратен километар живеат околу 12 лица.

Инаку, ако сакаме да го споредиме степенот на достигнатата развиеност на општина Македонски Брод во однос на тој во Република Македонија т.е. ако сакаме да утврдиме дали оваа општина спаѓа во групата на поразвиени или, пак, во групата на помалку развиените општини сметаме дека како мерило на развиеноста треба да се земе учеството на населението од општина Македонски Брод во населението во Р Македонија, во целост. Ова поради тоа што целта на општествено-економскиот развој на една земја, односно на една општина е задржување, или, поточно, подобрување на благосостојбата на населението на соодветната територија.

Токму затоа, најнапред ќе треба да го утврдиме процентуалното учество на населението во општина Македонски Брод во вкупното население на Р Македонија. Тоа учество ќе се утврди со 20.06.1994 година кога е извршен последниот попис на населението во Република Македонија.

Учеството на населението во општина Македонски Брод во населението на Р Македонија ќе го утврдиме по следната формула:

$$\frac{БНОМБ \times 100}{БНРМ} \quad \text{при што}$$

БНОМБ = број на население во општина Македонски Брод;
БНРМ = број на население во Република Македонија

Применувајќи ја горенаведената формула произлегува дека учеството на населението од општина Македонски Брод во населението на Р Македонија изнесува 0,56 %.

Со цел да се утврди степенот на развиеноста на општина Македонски Брод ќе направиме споредба меѓу процентуалното учество на населинието од оваа општина во Р Македонија (0,56%), со учеството на некои релативно позначителни индикатори.

Како позначителни индикатори за искажување на степенот на развиеноста на општина Македонски Брод ќе го изнесеме процентуалното учество на оваа општина во Р Македонија во целост за:

1. Вработените (вкупно и во одделни дејности); и
2. Општествениот производ (вкупно и во одделните дејности).

Процентуалното учество на работниците во општествениот производ на општина Македонски Брод во Република Македонија во 1996 година е прикажано во Табела 4.

Од податоци прикажани во оваа табела може да се заклучи дека процентуалното учество на вработените, односно на општествениот производ во општина Македонски Брод е значително помало од тоа на населението. Тоа укажува на фактот дека Македонски Брод спаѓа во групата на недоволно развиените општини во Македонија.

Притоа, кај вработеноста заостанувањето на општина Македонски Брод зад македонскиот просек е за околу 70%, со тоа што заостанувањето е нешто поголемо кај стопанството (75%), отколку кај нестопанството (над 51%). Инаку, ако се набљудува степенот на заостанатоста на општина Македонски Брод зад републичкиот просек, според бројот на вработените во одделни стопански дејности може да се констатира дека заостанувањето е најизразито кај: 1) водостопанството 2) станбено-комуналната дејност и уредувањето на населбите и просторите и 3) финансиско-техничките и деловните услуги каде што во општина Македонски Брод нема воопшто вработени.



***Табела 4:*** *Процентуално учество на работниците во општествениот производ на општина Македонски Брод во Република Македонија во 1996 година*

| Дејности | Учество на работниците (%) | Учество на ОП (%) |
|---|---|---|
| ВКУПНО | 0.33 | 0.26 |
| I. Стопански дејности | 0.32 | 0.26 |
| 1. Индустрија и рударство | 0.33 | 0.20 |
| 2. Земјоделство и рибарство | 0.18 | 0.51 |
| 3. Шумарство | 2.84 | 4.25 |
| 4. Водостопанство | -- | -- |
| 5. Градежништво | 0.07 | 4.15 |
| 6. Сообраќај и врски | 0.31 | 0.04 |
| 7. Трговија | 0.15 | 0.15 |
| 8. Угостителство и туризам | 0.30 | 0.16 |
| 9. Занаетчиство и лични услуги | 0.69 | 0.16 |
| 10. Станбено-комунална дејност и уредување на населби и простори | -- | 0.33 |
| 11. Финансиско-технички и деловни услуги | -- | -- |
| II. Вонстопански дејности | 0.37 | -- |

***Извор:*** *Наши пресметувања врз основа на податоци изнесени во СГРМ-1997. стр. 162-163, 166-167 и 278.*

Потоа следуваат следните стопански дејности: градежништво (за 8 пати), трговија (над 3,70 пати), земјоделство и рибарство (над 3 пати), угостителство и туризам (над 86%), сообраќај и врски (над 80%) и индустрија и рударство (близу 70%). Според овој индикатор, подобри резултати во општина Македонски

Брод од македонскиот просек се забележува кај шумарството (над 5 пати) и занаетчиството и личните услуги (над 23% ).

Ако се набљудува, пак, состојбата на општина Македонски Брод во однос на таа во Р Македонија во целост, според општествениот производ може да се констатира дека таа е уште понеповолна.

Имено, според процентуалното учество на општествениот производ во општина Македонски Брод во тој на Р Македонија заостанувањето е уште поголемо. Така на пример, кај вкупното стопанство учеството на општината Македонски Брод е помало од тоа во Р Македонија во целост за над 2,15 пати. Кај водостопанството, финансиско-техничките и деловните услуги и кај стопанската активност на општествените дејности воопшто не се остварува општествен производ. Понеповолна состојба во општина Македонски Брод се забележува кај сообраќајот и врските (за 14 пати), кај занаетчиството (над 5 пати), кај трговијата (над 3,7 пати), кај угостителството и туризмот (за 3,5 пати), кај индустријата и рударството (за 2,8 пати), кај станбено-комуналната дејност и уредувањето на населби и простори (за близу 70%) и кај земјоделството и рибарството (за близу 10%). Општина Македонски Брод има поповолна положба од републичкиот просек само кај градежништвото (над 7,4 пати) и особено кај шумарството (над 8 пати).

## 3. Перспектива

Имајќи го предвид фактот што територијата на општина Македонски Брод е еколошки речиси незагадена, што низ нејзината територија тече мошне убавата река Треска, атрактивните шумски предели богати со разновидна флора и фауна, релативно централната



положба во Македонија како и релативната близина до Скопје, односно до главниот град на републиката, во иднина се препорачува побрз развој на шумарството, земјоделството и рибарството со одгледување на здрава храна од растително и животинско потекло како и развојот на угостителството и туризмот.

За поуспешна реализација на овие цели ќе треба да се посветува значително внимание на развојот на претприемништвото и менаџментот од сите домени на општествено економскиот живот со цел да се развива производството на оние конкретни производи и услуги кои ќе имаат компаративни предности. На тој начин, во иднина општината Македонски Брод ќе постигнува повисоки позитивни финансиски резултати кои ќе имаат значително позитивно влијание врз општествено-економскиот развој на оваа општина. Таквата ситуација, пак, ќе овозможи остварување на поголема стапка на вработеност на населението што ќе придонесе за подобрување на неговиот животен стандард и за спречување на неговата емиграција.

## 4. Заклучок

Во досегашниот период општина Македонски Брод ги има карактеристиките на недоволно развиена општина бидејќи, од една страна, во неа вработеноста е релативно ниска, а од друга страна, пак, ефикасноста на трудот (општествениот производ) е уште пониска .

Имајќи ја предвид релативно незагадената животна и работна средина, релативно централната положба во Р Македонија и близината до Скопје како и атрактивноста на шумските предели и на реката Треска, во иднина се препорачува побрз развој на шумарството, земјоделството и рибарството, угостителството и туризмот.

За реализација на сето тоа е потребна поголема примена на претприемништво и менаџментот.

*　　*　　*



*м-р **Марија Зарезанкова - Потевска***
*Министерство за стопанство на*
*Република Македонија*

## НЕКОИ АСПЕКТИ НА БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈОТ НА МАЛОТО СТОПАНСТВО

Посакуваниот развој на малото стопанство е детерминиран од расположливите институционални механизми на поддршка од финансиски, образовен, консултативен, информативен, законски карактер. Обезбедувањето на финансиски инструменти за унапредување на малото стопанство, или, во европската економска терминологија, на мали и средни претпријатија, претставува еден од најважните механизми за квалитативен и квантитативен развој, во корелација со останатите видови на финансиска поддршка како што се даночни, царински ослободувања и олеснувања, со едновремено обезбедување на потребни деловни информации, перманентно усовршување и консултации, обучување во областа на деловната економија, за интернационализација на малото стопанство.

Фактот дека финансирањето на малото стопанство има свои универзални специфичности во сите земји во светот, ја наложува потребата за следење на светските искуства со долгогодишна традиција во широкиот спектар на мерки за поддршка на почетниците во работењето преку обезбедување на мали заеми,

како и на веќе постојните стабилни стопански субјекти, за нивна модернизација и проширување.

Финансиските институции и механизми во развиените стопанства се мошне разновидни, многубројни и ефикасни. Станува збор за фондови за мали, микро заеми и фондови за давање гаранции за малостопанствениците кај банките, потоа специјализирани банки за мало стопанство, кои ги имаат предвид сите специфичности на малите стопански субјекти, инвестициони фондови, фондови за ризичен капитал, кредитни задруги и разни програми за финансиска помош на одделни групи претприемачи како жени, млади луѓе и т.н., со чија помош се олеснува пристапот до потребните финансиски средства.

Започнување на сопствено стопанисување, една од најголемите пречки на патот за добивање кредитни средства, не претставува висината на износот на кредитот, туку пристапот до бараните средства кој е многу тежок, патот како побрзо и полесно да се дојде до потребните финансиски средства.

Банките, најчесто не се подготвени да го финансираат развојот на малото стопанство, пред сѐ, поради:

- недовербата спрема малостопанствениците, како резултат на отсуството на долгогодишна традиција во стопанисувањето на голем дел од нив;
- недовербата дека враќањето на кредитот ќе се изврши дисциплинирано, безболно и навремено;
- отсуството на потребен сопствен капитал за сопствено учество и гаранции за враќање на кредитот на малостопанствениците, па според тоа и постоење на надпросечно висок ризик кај банките во кредитирањето на малостопанствениците;



- високите банкарски трошоци за еден кредит, бидејќи износот на бараните кредити е релативно мал, а трошоците се стандардни, фиксни.

Сите овие карактеристики и обележја на банкарското работење ја усложнуваат постапката при добивањето кредити и дури го оневозможуваат често пати доделувањето на потребните кредити.

Немањето на деловно искуство на банките во работењето со малостопанствениците го прави банкарскиот систем ригиден и неприфатлив како значаен финансиски инструмент за развој на претпиемништвото, иако банките се заинтересирани за зголемување на своите пласмани преку зголемување на бројот на своите коминтенти-клиенти, а со тоа и зголемување на нивната профитабилност во работењето.

Поради овие состојби во банкарскиот систем, а земајќи ги предвид искуствата во развојот на банкарскиот систем во функција на развој на малото стопанство во светот, вклучувајќи ги и земјите во транзиција од Источна и Централна Европа, се наложува потребата од:

- формирање фонд за гаранции на малостопанствениците при доделувањето на кредитите кај банките;
- формирање фонд за доделување на мали кредити за почетници во стопанисувањето;
- формирање на специјализирана банка за поддршка на малото стопанство, која ќе ги респектира специфичностите на малото стопанство;
- развивање на разни видови проекти за финансиска поддршка на развојот на одделни видови на малостопанственици како хен-

дикипирани лица, млади луѓе, жени претприемачи, занаети во изумирање и т.н.;

- воведување и примена на инструменти за регулирање на должничко доверителните односи;
- осигурирелните претпријатија да бидат вклучени во гарантирањето на враќањето на земените кредити; Со тоа би се олеснила процедурата за добивањето кредити кај банките, а истовремено ќе се намали ризикот во нивното работење и на тој начин идеите и иновациите на малостопанствениците ќе станат примарни при донесувањето одлука за финансирање на одделни проекти, а не само обезбедувањето на кредитот со гаранции;
- банките да го развиваат лизинг и франшизинг системот кај малостопанствениците, како можен и брз и релативно полесен начин на финансирање на малото стопанство;
- развој на малото стопанство преку финансиска поткрепа на деловната соработка и поврзување со големите стопански субјекти-систем, преку достапни банкарски услуги и поволни банкарски услови;
- банкарскиот систем во Република Македонија да стане прилагодлив на потребите и достапен на малостопанствениците, а истовремено и прифатлив за сите стопански субјекти во државата.

Во спротивно, одобрените кредитни линии од странските финансиски институции и влади бавно ќе се реализираат и ефектите во областа на малото стопанство ќе бидат помали од очекувањата.



Фактот дека заклучно со февруари 1998 година, според податоците на Министерството за развој, од одобрените кредитни линии од меѓународните финансиски институции, банки и влади, досега се добиени средства во вкупен износ од 147,9 мил. DM, а се повлечени само 51,3 мил. DM, или 34,7%, односно крајните корисници повлекле за 239 инвестициски проекти само 49,8 мил. DM, или 33,6%, несомнено укажува дека ниското ниво на искористеност на средствата кај деловните банки е резултат на повеќе неповолни фактори во банкарскиот систем и кредитната политика.

Првата импресија за банкарскиот систем во Република Македонија е отсуството на пазар на кредити за малите стопански субјекти, па набљудувано од тој аспект, мора да се прифати препораката за подобрување на условите за функционирање на пазарот на капитал, што подразбира реорганизирање на пазарот и донесување на правни инструменти за зајакнување на довербата на кредиторите во малите стопански субјекти, што подразбира и подобри гаранции во договорите меѓу нив, вклучувајќи ги и гаранциите во случај на банкротирање и стечај на заемобарателите.

Како приоритет мора да се прифати зголемувањето на понудата на кредити за малите и средните претпријатија преку специјализирани банки, приспособливи кон потребите на малостопанствениците во разни области, како: трговци на мало, занаетчии, вршители на мали услужни дејности итн., банки кои ќе ги разберат и ќе ги прифатат потребите на малостопанствениците и кои под поповолни услови од комерцијалните ќе добијат кредит, односно да се овозможи развој на финансиски институции кои ќе бидат приспособени кон потребите на малите и средните претпријатија.

* * *

*м-р **Билјана Ангелова,***
*Економски институт-Скопје*

## ПРЕДИЗВИЦИТЕ ЗА ПОСЕДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Малите претпријатија претставуваат витален фактор на развојот во секое стопанство. Во прилог на ваквата констатација е фактот што малите претпријатија апсорбираат речиси половина од работоспособното население во САД.

Во развиените економии се смета дека во просек малите претпријатија имаат поголемо враќање на инвестициите отколку големите претпријатија. Ова практично значи дека секој долар вложен во малиот бизнис носи повеќе отколку да е вложена во некое големо претпријатие. Иако недостастигаат поцврсти податоци за да се покаже моќта на малите бизниси, сепак можат да се понудат следниве две хипотези:

- Во многу гранки на индустријата малите претпријатија можат многу побрзо да се прилагодат кон промените во производите, услугите, технологиите, или пазарите отколку обемните производни системи.
- Малите претпријатија се многу поатрактивни за талентираните иноватори отколку големите.



### 1. Иновации

Многу студии покажале дека големите иновации најчесто доаѓаат од малите претпријатија, или од индивидуи кои потекнуваат од некое големо претпријатие. Малите претпријатија или поодделни иноватори ги создале персоналните компјутери, ростфрај жилетите, радиото, млазните мотори, машината за фотокопирање, фотографскиот апарат итн. Нивната генијалност на човештвото му даде хеликоптер, автоматска трансмисија, клима уреди, целофан, па дури и евтиното хемиско пенкало. Нивните изуми го подобруваат нашето живеење, иако не треба да се пренебрегне фактот дека и големите претпријатија имаат голем удел во тоа. На пример, не треба да се завртиме подалеку од DuPont и IBM, чии нови производи и процеси станаа големи изуми и се масовно произведувани и користени.

### 2. Кооперативна соработка меѓу малите и големите претпријатија

Малите претпријатија, исто така, продаваат производи направени во големите претпријатија. Од друга страна, тие ги снабдуваат големите претпријатија со многу свои услуги, или суровини и репроматеријали кои ги користат големите системи. General Motors на пример, се снабдува од добавувачи чија бројка е поголема од 30.000, а најголем број од нив се мали, од едноставна причина што големите фирми не можат да понудат толку евтини производи, или услуги како малите претпријатија. Ова е особено изразено за производи чиј продажен волумен е мал, чија продажба претпоставува директни контакти со потрошувачите и оние производи кои по своите карактеристики треба

да им излезат во пресрет на специфичните барања на купувачите.

### 3. Креирање на нови работни места

Една од значајните придобивки на малите претпријатија е нивната можност да создаваат нови работни места. Истражувањата спроведени во САД покажуваат дека малите претпријатија апсорбираат најголем дел од новите вработувања, односно дека малите, млади претпријатија кои применуваат висока технологија создаваат нови работни места по многу побрза стапка отколку постарите, големи компании.[7)]

Друго мерило за виталноста на малите претпријатија е растечкиот број на мали претпријатија во САД формирани секоја година од 1960, па до денес. Иако студиите на Федералната Агенција SBA - Small Business Administration укажуваат на големиот пораст на малите претпријатија во раните осумдесетти години, така што бројот на малите претпријатија во 1989 година расте од 13 милиони во 1980 година[8)] на 19 милиони.

### 4. Вклученоста на жените во малите претпријатија

Историски гледано, жените имаат диспропорционално мало учество во малите претпријатија. Но, во почетокот на осумдесеттите години бројот на самовработени жени кои имаат свој сопствен бизнис во САД рапидно расте. Всушност, бројот на жени кои водат свој сопствен бизнис во САД се зголемува на

7) U.S. Small business Administration, The State of Small Business: A Report of the Pressident, Washington D.C.: U.S. Government Printing Office, 1988.

8) U.S. Small Business Administration / National Institute of Business Management, Inc., Research Recommendations, 10. April 1989, стр. 2.



повеќе од една третина. Општа тенденција е нивните бизниси да се развиваат во сервисниот сектор, иако тенденциите се движат и во насока на нивно се поголемо учество во производството.

Иако нудат мошне значајни предности кои се предизвик за секој што се наоѓа во една од погоре наведените групи, малите претпријатија имаат и извесни слабости кои треба да бидат надминати. Финансиските перформанси, иновациите, општествената одговорност и креирањето на нови работни места се секако светлата страна на сликата. Спротивно на тоа е темната страна која рефлектира проблеми кои можат да се сметаат за единствени кај малите претпријатија. Факт е дека многу мали претпријатија умираат уште во "детството". Од 600.000 мали претпријатија кои годишно никнуваат во САД само половината ќе преживеат старост не подолга од 18 месеци, а само едно од пет мали претпријатија живее подолго од десет години. Се поставува прашањето од каде вака висока стапка на пропаѓање кај малите претпријатија? Одговорот е можеби во фактот што можностите за влез во малото стопанство се големи, а патот е лесен, или што луѓето сметаат дека е полесно да започнат со сопствен бизнис (самовработување) отколку да најдат работа за себе. Недостиг на менаџмент едукација, или способности е причина што секако не смее да се пренебрегне. Причините за пропаѓањето на малите претпријатија можат да се групираат на начин прикажан во Табелата 5.

Аналитичарите им предвидуваат блескава иднината на малите претпријатија и веројатно многу побрз растеж и развој за нив. Иако 96% од близу 15 милиони американски претпријатија се класифицирани како мали, тие сепак генерираат повеќе од 13% од вкупните приходи секоја година. Од друга страна, тие апсорбираат 79% од вработените во САД и секое од

нив просечно годишно создава повеќе од 10 нови вработувања.

*Табела 5: Причини за пропаѓање на малите претпријатија*

| Процент на претпријатија што пропаѓаат | Причини за пропаѓањето | Објаснување |
|---|---|---|
| 44% | Некомпетентност (Неспособност) | Неспособност да се води бизнисот - физички, морално или интелектуално |
| 17% | Недостиг на менаџерско искуство | Немање искуство за управување со вработените и другите ресурси пред да се влезе во бизнисот |
| 16% | Недоволно искуство | Неупатеност во маркетинг, финансии, потрошувачка и производство |
| 15% | Недоволно искуство и познавање на производите или услугите | Немање, или недоволно искуство за производството или услугите пред да се влезе во бизнисот |
| 1% | Занемарување (Превиди) | Мало внимание им се посветува на лошите навики, слабата состојба, или материјалните потешкотии што директно се рефлектира врз бизнисот |
| 1% | Лажни карактеристики и Пораз (Штета) | Лажни карактеристики: наведување на погрешно име, лажни финансиски извештаи, нерегуларно поседување или располагање со средствата. Пораз: пожар; поплави; штрајкови. (некои од штетите можат да се обезбедат со осигурување) |
| 6% | Други причини | |

***Извор:*** *The Business Failure Record, New York, 1981, стр. 12.*

Луѓето започнуваат со мали бизниси од различни причини, но најмногу заради постигнување на сопствена независност. Нивната потреба да бидат надвор од контролата на надзорот како и потребата да ја пробаат сопствената креативност и иницијативност ги турка кон преземање ризици инволвирани во бизнисите кои ги преземаат. Приходот е, секако, една од битните причини, но сепак некои од сопствениците на малите претпријатија се задоволни и со помалку отколку би можеле да заработаат работејќи кај некој друг, само поседувајќи го задоволството од независноста и слободата на самовработувањето. Други се мотивирани од лични и семејни причини - преземајќи го семејниот бизнис, или пак започнуваат бизнис за кој планираат да прерасне во семеен. Некои од луѓето кои започнуваат со мал бизнис, особено претприемачите тоа го прават од едноставна причина да обезбедат производ, или услуга кои не можат да бидат достапни насекаде.



Малите претпријатија се разликуваат од големите на повеќе начини, но сепак нивните единствени предности ги вклучуваат флексибилноста и иновативноста; способноста да се одржуваат блиски односи со потрошувачите и заедницата; можностите за нови вработувања како и предизвикот и слободата од преземање ризици во сопствениот бизнис.

И покрај атрактивните предизвици кои ги нудат малите претпријатија, сепак опасностите демнат од неадекватниот менаџмент, недостатокот на работен капитал и ограничувањата од страна на владината регулатива.

* * *

***Марија Ацковска**, помлад асистент*
*Економски институт - Скопје*

## МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Општина Македонски Брод се наоѓа во непосредна близина на Скопје, како главен град на Р Македонија, кој истовремено претставува и град со најбројно население во нашата држава. Оваа општина се карактеризира со релативно незагадена природна средина, која овозможува речиси идеални услови за живот и претставува изразит контраст на високо урбанизираните средини, каде што во голема мера се чувствува индустријализацијата, загаденоста, пренаселеноста, бучавата и ред други доблести на современиот живот. Исто така, располага со значителни шумски површини богати со разновидна флора и фауна, како и пространи лединки погодни за пикник. Низ оваа општина тече реката Треска, која претставува додатен естетски мотив, а воедно истата изобилува со жив воден свет.

Од досега изнесеното, може да се заклучи дека општина Македонски Брод располага со одредени природни предиспозиции за развој на некои видови туризам. Така, на пример, во оваа општина има можности за развој на рекреативно-спортскиот туризам, за ловниот и риболовниот туризам, за воздушно-бањскиот (климатски) туризам, за излетничкиот туризам, за селскиот туризам и сл. Исто така, според мое



мислење, по изградбата на патот Скопје-Македонски Брод-Охрид, кој би го скратил патот кон нашиот најзначаен туристички центар - Охрид за повеќе од 30 км, Македонски Брод може да стане значаен транзитен туристички центар како за домашните, така и за странските туристи.

Меѓутоа, природните атрактивности претставуваат само потенцијал за развојот на туризмот. За да може тие да ја најдат својата економска валоризација треба да постојат одредени сместувачки капацитети, како и капацитети за исхрана, потоа разни објекти за збогатување на престојот на туристите, како и разни занаетчиски и услужни дуќани, кои би подмирувале одредени потреби на туристите за време на нивниот привремен престој. Најадекватен начин на стопанисување со овие дејности би бил преку малите бизниси.

Меѓутоа, ниеден бизнис, па со тоа ни малите бизниси не можат успешно да работат без стручни, образовани и способни кадри. Ова особено доаѓа до израз кај услужните дејности каде што квалитетот на работната сила има исклучително големо значење, што значи дека за поинтензивниот развој на туризмот во оваа општина потребно е егзистирање на адекватен стручен кадар пред сѐ со претприемнички и менаџерски способности. Особено внимание треба да им се посвети на маркетинг менаџерите кои врз основа на маркетинг истражувањата ќе креираат соодветна стратегија за креирање на туристичката понуда на општина Македонски Брод. Покрај управувчкиот кадар треба да располага и со соодветен персонал вработен во угостителско-туристичките претпријатија, кој би требало да ги има следните карактеристики: пријатен надворешен изглед, висок степен на општа култура, висок степен на култура на однесување, познавање на странски јазици, познавање на психологијата на гостите, одлично познавање на својата конкретна работа

и солидно познавање на работењето во конкретните угостителски објекти каде што се вработени.

Откако сето тоа ќе биде обезбедено, потребно е да се спроведе општа и посебна (економска) пропаганда за макро и микро локацијата на угостителските објекти, за квалитетот на работната сила и угостителските производи и услуги кои можат да ги користат туристите за време на нивниот привремен престој.

Исто така, развојот на туризмот во општина Македонски Брод треба да се потпомага со разни инструменти на туристичката, односно економската политика како што се, на пример, правните прописи (уставни одредби, конкретните закони и разните подзаконски акти), административните мерки (даноци, такси, придонеси и сл.), економски мерки (кредити, субвенции, курсеви и сл.) и други инструменти, договори и спогодби.

Развојот на туризмот ќе овозможи побрз општествено-економски развој на општина Македонски Брод. Ова произлегува од тоа што развојот на туризмот има позитивно директно влијание врз развојот на дејностите од така нареченото "туристичко стопанство" како што се на пример: угостителството, сообраќајот, трговијата на мало, услужното занаетчиство, патничките агенции, комуналното стопанство, дејностите за збогатување на културно-забавниот живот на туристите и слично.

Меѓутоа, развојот на туризмот има позитивно индиректно влијание и врз развојот на дејностите од таканареченото "нетуристичко стопанство" каде што спаѓаат индустријата, земјоделството и градежништвото. Сето тоа ќе придонесе да се зголеми вработеноста, општествениот производ и националниот доход, односно за побрз општествено-економски развој на општина Македонски Брод во целина.

* * *



***Предраг Васојевиќ***, *помлад асистент*
*Економски институт - Скопје*

# ПООДДЕЛНИОТ РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ КАКО УСЛОВ ЗА РАЗВОЈ НА ЦЕЛОКУПНОТО МАКЕДОНСКО СТОПАНСТВО

Иницијативата за поодделните студии за развој на регионите во Р Македонија е за поддржување. Со новата територијална - политичка поделба ваквата иницијатива си го наоѓа своето место.

Една таква новосоздадена општина е општината Македонски Брод која спаѓа во редот на оние општини кои располагаат со ресурси, но не се доволно "интересни" за населението, а тоа се гледа од демографските движења и компарациите направени со претходните периоди. Како пример ќе се послужиме со податоците од студијата: ретроспективно се бележи тренд на намалување на бројот на населението кој за периодот од 1953 до 1991 процентуално изнесува 38% и континуирано тој процент се зголемува до денес. Таквото миграционо движење е присутно во сите недоволно развиени општини, а причината се знае: лошата финансиска положба, маргиналното ниво на услови за егзистенција итн.

Ваквата појава е доволно алармантна, бидејќи во определени региони (јадра) има преголема населеност и конгломерација, а определени региони каде што, всушност, ресурсите се недопрени и неексплоати-

рани постои ниско ниво на населеност како што е примерот со Македонски Брод (12 жители на 1км²).

Овој проблем има двоен карактер и врз самата општина и врз јадрото оптоварувајќи го со социјални, еколошки, економски, здравствени и други видови проблеми. Решавајќи го овој проблем на долг рок се решаваат проблемите во стопанството.

На самиот почеток беше нагласено од д-р Наталија Николовска дека најважен елемент кој се издвојува е развојот на регионалниот менаџмент. Сепак, мислам дека за да дојде до развој на ваквиот регионален менаџмент со вака поставена раководна структура и локална самоуправа на чело со градоначалникот кој има централна улога и кој треба како приоритетна да ја преземе обврската за ангажирање повремено на стручни тимови кои би биле импулс за раздвижување на инертната структура, а посебно нагласувајќи и давајќи им приоритет на младите образовани и перспективни луѓе со креативни идеи кои ќе бидат водени и само водени од искуството на старата структура ослободена од сите досегашни стеги.

Овде го наоѓам и местото на Економскиот институт како валидно тело кое би ги спроведувало ваквите идеи и би вклучувало свои луѓе во тие тимови. Со ваквиот начин на пристап кон проблемот би постоела директна комуникација, а со тоа подетално запознавање на конкретното подрачје и полесно изготвување на развојни програми и развојни стратегии.

Исто така, како проблем кој јас го воочив е проблемот на стимулацијата и односот на државата спрема веќе постојните објекти како што се кожарскиот, дрвниот и други комбинати кои работат со многу мал капацитет, или воопшто не работат. Тие во рамките на својата структура преку преструктуирање, нова организациона поставеност и секвенционално ангажирање на поодделните делови би обезбедиле



доволно можности за искористување на ресурсите, но како најбитен елемент - спречување на миграцијата и преголемата невработеност.

Кај нив е решено прашањето на градежните објекти и дел од опремата и со мали финансиски инјекции би се овозможило брз развој и непреоптоварување на локалниот буџет со кредити, кои би се насочиле кон осовременување на производствените линии и набавка на потребните ресурси. Ова го кажувам од гледна точка што кај нас средствата се скап и ограничен ресурс, а кредитот како еден извор со кој се дава можност на малите бизниси е "недостапен" поради високите каматни стапки и високиот ризик од промени во законската регулатива, а од друга страна, како пандан на тоа скапата опрема бара ангажирање на поголем капитал и за најмалите бизниси што би резултирало со една негативна оценка на таквата состојба.

Особено значајно место кое треба да се спомне и на кое треба да се посвети внимание е информираноста на менаџментот и информацијата како најскап ресурс на која во западниот свет и се посветува големо внимание. Информациската неповрзаност постои помеѓу нивоата во пирамидалната поставеност во рамките на претпријатието и во глобални рамки на ниво на општина на релација градоначалник - малостопанственици, индивидуални производители. Неинформираноста на менаџментот предизвикува користење на скапи извори на средства под чиј товар се предизвикува пропаѓање на оние кои за лична егзистенција се принудени да ги земаат, а со тоа ширејќи го психолошкиот ефакт на неуспешност, недоверба и непреземање на одредени инвестициски активности со одреден ризик. Додека за сметка на тоа, расположливите ресурси во комбинација со поевтините извори и

начини на финансирање како што се joint venture, лизинг, франшиза и др. не се искористуваат.

Анализирајќи го проблемот од овие и некои други аспекти се поставува како прашање и потребата за изградба на локална база на информации во рамките на локалната самоуправа која како инпут ќе ги инкорпорира сите информации од базата на повисоко ниво, а како аутпут ќе предлага решенија, ќе анализира конкретни проекти и ќе презема заеднички зафати со населението со единствена цел за побрз развој на општината.

* * *



## SUMMARY

The development of small-size businesses may significantly contribute to the greater utilization of production factors and an increase in economic activity. This is in reference to the municipality of Makedonski Brod where, in 1991, the utilization of available production factors was at a very low level and the volume of the gross domestic product was greatly reduced.

A model of macroeconomic policy that emphasizes price stability and the exchange rate of the denar was implemented in the Republic of Macedonia after 1992. Omitted, however, has been the completion of the reform of economic system, whose basic postulate would be the creation conditions for growth and development. Such a situation is reflected in the negative development rate through the year 1995. Although in 1996 and 1997 the real increase of the gross domestic product was realized, it was of modest dimensions (about 1%), whereas the rate of increase in the per capita gross domestic product is still in the negative zone.

The negative repercussion of transition are relatively more manifest in Makedonski Brod due to the prevailing conditions of transition and the low performance of the entire Macedonian economyand its relatively low rate of development. The economy in the municipality is characterized by low and negative development rates, disinvestment, low capital intensiveness of the economy, as well as bankruptcies of some of the enterprises that were bearers

of the development in the previous period. The result of such a situation is the high rate of unemployment and the decrease of the purchasing power and standard of living of the population.

The municipality of Makedonski Brod is lagging behind the average rate of the state, not only in the development of the economy but also in relation to the other elements important for the establishment of a level of development. For example, in the municipality all social services as well as the communications are at a relative low level. Unsuitable traffic links are reflect by increases in labor expenses and also contribute to the decrease of the attractiveness of the municipality for investments in development programs.

Small-size businesses enable variety and a great diversification of business activities. They are an element both in development and for the creation of large-size enterprises. Since they are easy to adopt, small businesses enable larger productive economic activities to react immediately to the demands of the market. Small-size and family businesses are an important component for the development of the economy. They absorb the unemployed labor force, which is one of the basic problems of our economy. The development of the municipality of Makedonski Brod should rely on available economic capacities, natural resources and the labor force. Seen from the perspective of prospective development, the initiation of small-size businesses and an increase in the number of employees, greater possibilities exist in forestry and the lumber industry, the non-metal industry, food production, the tobacco industry, agriculture and fish farming, and the textile and shoe industries.

Having in mind the structure of the economy in the municipality of Makedonski Brod, few possibilities exist for developing small-size businesses as suppliers of spare



parts and semi-finished products to large enterprises. This means that the development of small businesses should be directed at the finalization of a small series of specific needs that would meet the needs of the existing enterprises.

There are many measures in the world, and especially in developed countries, by which the small business is supported, such as in the domain of payment of the loans, reimbursement of social insurance expenses, education of children, security for retirement and disability pensions, various welfare payments, various investment incentives, etc. Loans for small-size businesses could be made by numerous agencies, establishments, institutions, and banks. But, among the most important financing sources are government loans.

In financing investments in the municipality of Makedonski Brod, conditions for their successful implementation must be made. Baisc knowledge is lacking in how investments are created and realized. This is especially the case among small businessmen who have only a low level of economic education regarding the successful running and implementing of investment projects. For this reason there is a need to further educate existing businessmen in the basic principles of the market economy and investment, marketing, preparating a business plan, running an organization, financial management, etc.

Having in mind the economic condition in the municipalities as newly formed units of the local self-management, and seen from the perspective of underutilized existing potentials, it seems necessary to develop local, vertical self-organization which will secure an efficient rate of economic growth. The integral regional approach will enable a rational utilization of existing production resources, providing optimal capacities, absorpting the available labor force, decreasing labor expenses and in com-

plementary fashion completing a unique economy system on the level of the municipality.

* * *



**Издавач:**
Фондација "ФРИДРИХ ЕБЕРТ"
Канцеларија Скопје

**Адреса:**
Бул. Партизански одреди бр.89
91000 Скопје, Република Македонија

**Техничка обработка:**
Миле Митровски

**Дизајн на корица:**
Ненад Здравковиќ

**Печат и реализација:**
"АМК МАКДИЗАЈН" д.о.о. - Скопје

**Тираж:**
500 примероци

AMK® makdizajn